**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# Историја и општество

## за VIII одделение

**Скопје, 2024 година**

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Историја и општество*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | VIII (осмо) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | ГЕОГРАФИЈА<br>• Географија на Африка<br>• Географија на Америка<br>• Географија на Австралија со Океанија<br>• Географија на поларните области<br>ИСТОРИЈА<br>• Големите откритија<br>• Создавање на националните држави<br>• Големите војни и мировните договори<br>• Национални и ослободителни движења на балканските народи<br>ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ<br>• Човекови права и детски права<br>• Општество, држава, граѓани |
| **Број на часови** | 5 часа неделно/180 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Дигитални паметни (смарт) уреди<br>• Учебник<br>• Енциклопедии,речници,историски атлас, географски атлас<br>• Хамер, флипчарт, маркери, хартија за цртање, боички, линиар, шестар, ножички, лепило, леплива лента, компјутер, ЛЦД проектор<br>• Илустриран материјал за: Африка, Америка, Австралија со Океанија, Арктик, Антарктик. · Физичко-географска карта на светот, физичко-географска карта на Африка, физичко-географска карта на Северна и Јужна Америка, физичко-географска карта на Австралија со Океанија<br>• Глобус, физичко-географска карта на светот |

DRAFT

| | |
|---|---|
| | • Историски карти за периодите и настани во наставната програма: карти за големите географски откритија, за создавањето на националните држави, за Балканските војни, Првата и Втората светска војна, за националните движења на балканските народи<br>• Илустриран материјал за: историските периоди и историските настани во наставната програма<br>• Работни листови (според учебник/прирачник), неми карти<br>• Календар за сметање на времето и илустрации од историски календари<br>• Прикази за археолошки наоѓалишта културно-историски споменици во светот и нашата држава<br>• Временска лента за настани од минатото,<br>• Списанија, весници, интернет-портали, социјални мрежи<br>• Аудиовизуелни снимени содржини, апликации, прилагодени на возраста<br>• Други извори на учење: споменици на културата, музеи, библиотеки, национални институции |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по предметот Историја и општество во осмо одделение може да ја изведува:<br><br>За Географија<br>• студии по географија, наставна насока, ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br><br>За Историја<br>• дипломиран професор по историја, ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>• дипломиран историчар, ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>• дипломиран историчар-архивист, со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високо-образовни установи, ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>• дипломиран професор по историја/дипломиран археолог, со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани  високо-образовни установи, Ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br><br>За Граѓанско образование<br>• дипломиран професор по историја, ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и |

DRAFT

| | |
|---|---|
| | најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>• дипломиран историчар, ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>• дипломиран историчар-архивист, со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високо-образовни установи, ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>• дипломиран професор по историја/дипломиран археолог, со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високо-образовни установи, Ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>• дипломиран професор по социологија, ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>• дипломиран социолог, ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>• дипломиран професор по философија, ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>• дипломиран философ, ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>• дипломиран професор по филозофија и граѓанско образование, ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето ***Општество и демократскакултура*** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VI-A.1 | Да објасни како општествените фактори влијаат врз личноста и средината и да ги зема предвид при формирање мислење и донесување одлуки; |
| VI-A.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |

| | |
|---|---|
| VI-A.4 | да прави критичка рефлексија за различните лични и општествени вредности и однесувања во различни контексти (особено во етички сензитивните ситуации), да ги почитува општествено прифатените норми и вредности, но и да ги предизвикува кога мисли дека тоа е потребно; |
| VI-A. 5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| VI-A. 6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VI-A.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротивставува на него; |
| VI-A.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите; |
| VI-A.9 | да препознае ранливи групи во општеството, да учествува во хуманитарни и волонтерски акции и истите да ги поддржува; |
| VI-A.10 | да се заштити себеси и другите во кризни ситуации и при елементарни непогоди; |
| VI-A.11 | да ги применува правилата и прописите за безбедно учество во сообраќајот; |
| VI-A.12 | критички да анализира и дискутира за вредностите на граѓанското општество, различните улоги и однесувања на граѓаните и за својата улога во него; |
| VI-A.13 | да го анализира концептот на човековите права и правата на децата, да идентификува случаи на повреда на правата и да презема активности за нивно неселективно почитување; |
| VI-A.14 | да ги анализира и дискутира одговорностите на извршната, законодавната и судската власт во правната држава и улогата на државата во заштитата на човековите права; |
| VI-A.15 | да идентификува ситуации во кои граѓаните можат да влијаат врз животот во заедницата и да се ангажира за подобрување на состојбите; |
| VI-A.16 | да препознава ситуации на злоупотреба на моќта, да го објаснува штетното влијание на корупцијата врз единката, групата и општеството и да се спротивставува на ваквите појави во опкружувањето; |
| VI-A.17 | да го анализира влијанието на пишаните, електронските и социјалните медиуми врз јавното мислење и да избира веродостојни извори на информации врз кои ќе ги базира сопствените ставови; |
| VI-A.18 | критички да анализира закани од небалансираниот развој врз животната средина и активно да придонесува кон нејзината заштита и унапредување; |
| VI-A.19 | да ја објаснува важноста на демократските процеси во општеството и да ги применува принципите на демократско учество во рамките на училиштето; |
| VI-A.20 | да ја објаснува улогата на меѓународните организации и сојузи во современото општество и да ги анализира вредностите и продобивките од европската интеграција; |
| VI-A.21 | да го разликува значењето на поимите: нација, народ, етничка заедница, граѓани и индивидуи; на појавите: етничка и национална припадност, патриотизам и национализам, мнозинство и малцинство; како и на концептите: територија, регион, држава, општество, власт и сл. и соодветно да ги користи во различните контексти на кои се однесуваат; |

DRAFT

| | |
|---|---|
| VI-А.22 | да ги идентификува и почитува сите национални симболи на државата Република Северна Македонија и да манифестира чувство на припадност кон државата; |
| VI-А.23 | да ги идентификува географските карактеристики на континентите, регионите и државите во светот и да ги поврзува со нивниот општествен развој; |
| VI-А.24 | да ги идентификува географските карактеристики на нашата држава и да ги поврзува со општествениот развој; |
| VI-А.25 | да ги објаснува карактеристиките на природните и општествените средини и нивната поврзаност со организацијата на животот на луѓето; |
| VI-А.26 | да ги објаснува миграциите и популациските промени и нивната поврзаност со општествените промени (социјални, економски, културни, политички); |
| VI-А.27 | да ја раскаже и објасни историјата (социјална, културна и политичка) на сопствениот народ и на историите на другите народи кои живеат во нашата земја и во регионот, со своите посебности и во контекст на споделеното историско минато; |
| VI-А.28 | да ги раскаже и објасни историските настани на светско ниво (од социјален, културен и политички аспект) кои се битни за развојот на цивилизацијата, за формирање на нациите и за односите меѓу народите и државите во современи услови; |
| VI-А.29 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу најзастапените религии во светот и атеизмот/агностицизмот, со посебен акцент врз етичките норми и вредностите што ги застапуваат; |
| VI-А.30 | критички да размислува за различните перспективи во толкувањето на историските настани; |
| VI-А.31 | да ги поврзува економските, културните, социјалните и политичките процеси во различни историски периоди; |
| VI-А.32 | критички да анализира историски извори, артефакти и различни наративи; |
| VI-А.33 | да учествува во дискусија за историски прашања врз основа на релевантни извори; |
| VI-А.34 | да ја објаснува причинско-последичната поврзаност меѓу минатите и актуелните случувања на локално и глобално ниво. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| VI-Б.2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |
| VI-Б.3 | човековите права се универзални, а границите на правата на секој човек се правата и слободите на другиот; |
| VI-Б.4 | неселективното почитување на човековите права и слободи е клучно за добросостојбата на поединците и за општеството во целина; |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата; |

DRAFT

| | |
|---|---|
| VI-Б.6 | личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес; |
| VI-Б.7 | секој граѓанин е должен одговорно да се однесува кон сограѓаните, заедницата и општеството во целина, постојано имајќи ги предвид последиците од своите постапки по другите и околината; |
| VI-Б.8 | секој граѓанин е должен да ги почитува законите, правилата и прописите кои го регулираат однесувањето на луѓето и функционирањето на институциите; |
| VI-Б.9 | секој граѓанин треба да презема одговорност за промените во природата предизвикани од активностите на човекот; |
| VI-Б.10 | познавањето на историјата и географијата овозможува подобро разбирање на светот во кој живееме; |
| VI-Б.11 | секој има право да избере која религија ќе ја смета за своја,односно да избере да не припаѓа на ниту една религија/вера, без да има последици од направениот избор; |
| VI-Б.12 | нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен да придонесува за интеркултурна размена и за почитување на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество; |
| VI-Б. 13 | националниот идентитет,кој произлегува од припадноста на државата Република Северна Македонија, е битна компонента на идентитетот на сите граѓани на државата. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните трансверзални подрачја на Националните стандарди:

***Јазична писменост, Математика и природни науки, Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Техника, технологија и претприемништво и Уметничко изразување и култура***

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| I-A.2 | да познава и да користи различни форми на писмено изразување: литературни (песна, краток расказ, излагање/говор, литературен есеј, дневник и др.) и нелитературни (тематски есеј, известување, барање, соопштение, реклама и др.); |
| I-A.3 | да води критички и конструктивен дијалог, аргументирано искажувајќи ги своите ставови; |
| I-A.5 | да подготви и одржи говор со различна содржина и за различна цел, имајќи го предвид аудиториумот (возраста и етничкиот/културниот диверзитет); |
| I-A.8 | да разбира содржини на аудиопораки: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од пораките и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-A.9 | да разбира содржини на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-A.10 | да разбира визуелно прикажани содржини (дијаграми,табели и графикони, илустрации, анимации и др.), да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира визуелно прикажаните содржини и да ги објасни (писмено и усно); |
| I-A.12 | Да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи ги предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации. |

| | |
|---|---|
| III-A.5 | да препорачува/применува размер во различни контексти од секојдневниот живот, |
| III-A.16 | да изработува и користи цртежи во размер и да толкува мапи, |
| III-A.25 | да одлучува како да ги провери резултатите и размислува дали одговорот е разумен во контекст на проблемот, |
| III-A.29 | да разгледува и одбира идеи, набљудува, предвидува и поставува претпоставки (хипотези), собира и вреднува докази, проверува предвидувања, планира, организира и спроведува истражување, евидентира, обработува, анализира и претставува резултати, евалуира и дискутира заклучоци, |
| III-A.67 | да се ориентира во просторот со помош на скици, мапи, снимки и дигитални прикази на дадени географски подрачја. |
| IV-A.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор, ги почитува различните учесници и ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор; |
| IV-A.10 | да се грижи за својот дигитален идентитет, безбедност и репутација и да ги почитува политиките за приватност; |
| IV-A.12 | да истражува можности за користење на различни модели и симулации, комбинирање статични и динамички претставувања, звук, текст и слики за да модифицира или создаде едноставни креативни мултимедиумски продукти со конкретна намена и за определена публика; |
| IV-A.13 | да дефинира критериуми за квалитет на дигитални продукти и решенија, вклучувајќи ги иновативноста и корисноста; |
| V-A.3 | да ги идентификува различните компоненти на сопствениот идентитет кој се гради врз основа на припадноста на различни социјални групи (на пример: родов, етнички и национален идентитет) и на различните улоги кои ги има во животот (например: ученик, син/ќерка); |
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-A.5 | да ги препознава емоциите кај себе и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| V-A.9 | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе си и по другите; |
| V-A.10 | да применува етички начела привреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-A.11 | да дејствува самостојно,со целосна свесност од кого, кога и како може да побара помош; |

DRAFT

| | |
|---|---|
| V-A.12 | успешно да се справува со социјалните притисоци; |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.16 | да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.18 | да истражува, поставувајќи релевантни прашања, со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| V-A.20 | критички да ги анализира информациите и доказите според релевантни критериуми; |
| V-A.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење; |
| VII-A.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот; |
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-A.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност; |
| VIII-A.7 | да препознава и објаснува како културните обележја се менуваат со текот на времето и во различни контексти; |
| VIII-A.8 | да го препознава значењето и да ги објаснува придобивките и предизвиците од глобализацијата и поврзаноста на локалните прашања со глобалните движења; |
| VIII-A.9 | да препознае и објасни како културата на која ѝ припаѓа (вклучително и на традицијата и религијата) влијаела на формирање на неговиот/нејзиниот идентитет и поглед на светот; |
| VIII-A.10 | да ги идентификува и преиспитува стереотипите и предрасудите кон припадниците на другите културни групи што се манифестираат во неговото/нејзиното опкружување; |
| VIII-A.12 | да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура туку и низ перспективата на другите култури. |

DRAFT

| | Ученикот/ученичкатаразбира и прифаќадека: |
|---|---|
| I-Б.1 | Преку изучување на мајчиниот јазик се развива сопствениот јазичен и културен идентитет, а преку јазичната комуникација се пренесува културното наследство и културата на живеење; |
| I-Б.3 | Преку читање текстови со различна содржина и структура се развива писменоста, се формира поширок поглед за себе и за светот и се поттикнува пишувањето од потреба и од задоволство; |
| I-Б.4 | содржината и начинот на изразување на сопственото мислење можат да придонесат за одржување и за подобрување на комуникацијата, но и да предизвикаат недоразбирање и конфликти; |
| III-Б.5 | Љубопитноста и иновативноста се клучни за развивање на научно-истражувачката мисла; |
| III-Б.9 | треба да ги разбира предностите, ограничувањата и ризиците на научните теории и нивната примена и да покажува развиен однос кон носење правилни одлуки и градење вредности, вклучително и моралниот аспект при решавањето проблеми. |
| IV-Б.3 | потенцијалите на икт ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите кои се достапни преку дигиталните уреди; |
| IV-Б.4 | во дигиталниот простор е важно да се обезбеди заштита на идентитетот, приватноста и емоционалната сигурност, да не се користи говор на омраза и кибер насилство и да се почитуваат правилата и нормите на комуницирање во дигиталните заедници; |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила и за добро на луѓето; |
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.5 | од начинот на кој пристапува кон решавањето на проблемите и разрешувањето на конфликтите зависи дали проблемите ќе бидат решени, односно дали конфликтите ќе бидат разрешени; |
| V-Б.6 | успехот во животот во голема мера зависи од целите кои ќе си ги постави, а од начинот на кој ќе ги планира активностите и ќе го организира времето во голема мера зависи ефикасноста и ефективноста во остварувањето на поставените цели; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите,за остварување на целите и за надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | Интеракцијата со другите е двонасочна –какошто има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |

| | |
|---|---|
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| VII-Б.4 | работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима; |
| VII-Б.5 | ресурсите не се неограничени и дека е потребно одговорно да се користат; |
| VIII-Б.3 | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесуваат за јакнење на културниот идентитет и дигнитет; |
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури; |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можност за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**ГЕОГРАФИЈА**

Тема: **ГЕОГРАФИЈА НА АФРИКА**

Вкупно часови: **24**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. ја опишува географската положба и на географска карта да покажува каде се протегаат границите на Африка;
2. ги опишува со помош на географска карта природно-географските карактеристики на Африка: брегова разгранетост, релјеф, клима, хидрографија и природни ресурси;
3. ги опишува социо-географските карактеристики на Африка: број на население, густина на населеност, природен прираст, религии, народи и други културни обележја кои се застапени во Африка;
4. ги опишува со помош на географска карта регионите на кои е поделена Африка, да ги идентификува државите кои припаѓаат на секој регион и да ги именува најпознатите туристички центри;
5. ги опишува со помош на географска карта основните географски карактеристики на Египет и Јужно Африканската Република (географска положба, граници, големина, брегова разгранетост, релјеф, клима, хидрографија, население, поголеми градови, најзначајни туристички места, државно уредување и сл.).

| Содржини (и поими) | Стандарди за оценување |
|---|---|
| • **Природно-географски карактеристики на Африка**<br>(географска положба, брегова разгранетост, острови, Азорски, Зеленортски, Канарски острови, Мадагаскар, Сејшели, полуострови, Тунис, Синајски полуостров, Сомалија, морињa, Средоземно Море, Црвено Море, заливи, Сидра, Гвинејски залив, протоци, Суецки канал, релјеф, низини, планини, Атлас, Ахагар, Тибести, Дарфур, Етиопски планини, Килиманџаро, Кенија, Рувензори, висорамнини, Езерската Висорамнина, Јужноафриканската Висорамнина, пустини, Сахара, Калахари, Намиб, клима, екваторска, тропска, степска, пустинска, суптропска, умерена, сливно подрачје, реки, слив на Средоземно Море, Нил, слив на Атлантски Океан, Сенегал, Нигер, Конго, Орање, слив на Индиски Океан, Замбези, Лимпопо, езера, Чад, Викторија, Тангањика, Малави/Њаса, природни богатства, нафта, природен гас, платина, дијаманти, кобалт, манган, злато, ураниум) | • Ја опишува географската положба на Африка, покажува на географска карта каде се протегаат нејзините граници и ја идентификува како втор континент според површината во светот.<br>• Ја опишува со помош на географска карта бреговата разгранетост на Африка, при што ги идентификува најголемите острови, полуострови и заливи и на кои држави припаѓаат.<br>• Ги опишува со помош на географска карта најзначајните протоци во Африка и идентификува кои морињa ги поврзуваат.<br>• Опишува каков релјеф преовладува на територијата на Африка и на географска карта ги идентификува најкарактеристичните релјефни целини (низини, висорамнини, планински масиви со нивните највисоки врвови, пустини и сл.) и низ кои држави се протегаат истите.<br>• Наведува низ кои топлински појаси се протега и кои климатски типови се доминантно застапени во Африка, го опишува нивното протегање и нивните карактеристики.<br>• Го објаснува влијанието на океаните и морињата врз климатските карактеристики на Африка.<br>• Ги именува со помош на географска карта океаните и морињата на кои излегува Африка.<br>• Ги именува со помош на географска карта најголемите реки во Африка, низ кои држави поминуваат, ги идентификува каде се влеваат и на кое сливно подрачје припаѓаат.<br>• Ги именува со помош на географска карта најголемите и позначајните езера во Африка и во кои држави се наоѓаат.<br>• Ги именува најважните природни богатства со кои располага Африка (нафта, природен гас, дијаманти, злато и сл.), во кои региони и држави се разместени и ги покажува на географска карта.<br>• Го објаснува значењето на природните богатства за развој на регионот и државата каде се најмногу застапени. |
| • **Социо-географски карактеристики на Африка** | • Го наведува вкупниот број на население на Африканскиот континент и го |

| | |
|---|---|
| (број на население, густина на населеност, природен прираст, религии, христијанска религија, исламска религија, хиндуизам, јудаизам, будизам, групи на народи, најголеми градови, Лагос, Киншаса, Каиро, Јоханесбург, Александрија, региони, Северна Африка, Источна Африка, Западна Африка, Јужна Африка, Централна Африка, туристички центри, Египет, Тунис, Мадагаскар, Занзибар, Сејшелски острови, културно историски знаменитости, пирамидите во Гиза) | идентификува како втор континент на Земјата според бројот на население.<br>• Ја идентификува различната густина на населеност во различни региони од Африка и именува некои од државите кои се најгусто населени (Уганда, Руанда, Бурунди и др.) и некои од државите кои се најретко населени (Западна Сахара, Либија и Боцвана) и ги покажува на географска карта.<br>• Ја објаснува стапката на природен прираст и причините за таквата состојба и го идентификува како континент во кој според старосната структура преовладува младо население.<br>• Ги наведува главните религии и некои етнички заедници што ја задржале старата култура (Бушмани, Пигмејци, Туарези, Бербери и сл.) и која од нив во кој регион е најмногу застапена.<br>• Именува некои карактеристични уметничко традиционални вредности во Африка (боењето на кожата – тетовирањето).<br>• Именува некои од познатите светски културно – историски градби во Африка (пирамидите во Гиза) и идентификува во кои држави се наоѓаат.<br>• Ги опишува најсериозните проблеми на африканското население (недостаток на храна, вода и здравствена заштита).<br>• Ги именува најголемите градови во Африка, идентификува во кои држави се наоѓаат и ги покажува на географска карта.<br>• Ги именува регионите на кои е поделена Африка и со помош на географска карта го опишува нивното протегање и ги идентификува државите кои припаѓаат на секој регион.<br>• Ги именува најпознатите туристички центри во Африка, ги идентификува во која држава се наоѓаат и ги покажува на географска карта.<br>• Ги опишува со помош на географска карта основните географски карактеристики на Египет (географска положба, граници, големина, брегова разгранетост, релјеф, клима, хидрографија, население, поголеми градови, најзначајни туристички места, државно уредување, природни ресурси и сл.).<br>• Ги опишува со помош на географска карта основните географски карактеристики на Јужно Африканската Република (географска положба, граници, големина, брегова разгранетост, релјеф, клима, хидрографија, население, поголеми градови, најзначајни туристички места, државно |

DRAFT

| | |
|---|---|
| | уредување, природни ресурси и сл.). |

**Примери за активности**

- Учениците, поделени во мали групи/парови, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за границите на Африка, и колкава е нејзината површина. Секоја група подготвува куса презентација, ја презентира пред другите групи и покажува на географска карта. На крајот сите заедно водат дискусија за големината и географската положба на Африка.
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за бреговата разгранетост на Африка. Секоја група истражува за различен регион: поголеми острови (на кои држави припаѓаат), полуострови (кои држави се наоѓаат на нив) и заливи. Секоја група подготвува куса презентација, ја презентира пред другите групи и покажува на географска карта, додека останатите групи треба да поставaт по едно прашање кое се однесува за регионот од групата што презентира. На крајот сите заедно водат дискусија и доаѓаат до заклучок за тоа кои региони од Африка се карактеризираат со најголема брегова разгранетост.
- Учениците, поделени во мали групи, ја реализираат активноста „Патување низ Суецкиот Канал’’. Секоја група треба да истражува, односно да „патува’’ низ него, користејќи интернет и илустриран материјал. Секоја група подготвува куса презентација за своето „патување’’ низ протокот (кои мориња ги поврзува, каде се наоѓа, големина, важност и сл.) и ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија за неговата важност и стратешко значење.
- Учениците, поделени во мали групи, ја реализираат активноста „Патување низ пустината Сахара’’. Секоја група треба да истражува, односно да „патува’’ низ неа, користејќи интернет и илустриран материјал. Секоја група подготвува куса презентација за своето „патување’’ низ пустината (каде се наоѓа, големина, температура, врнежи и сл.) и ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија за најголемата пустина во светот.
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за климата во Африка. Секоја група добива задача да истражува, за одреден климатски фактор (близина на морињата и океаните, релјефот и сл.) и за карактеристиките на одреден климатски тип (каде е распространет, температура на воздухот, количина на врнежи, растителен и животински свет карактеристичен за него и сл.). Секоја група подготвува куса презентација и  ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија за тоа како климата делува врз начинот на живеење на луѓето во различни делови од Африка.
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за морињата, реките и езерата во Африка. Секоја група добива задача да истражува, на кои океани и морињата излегува Африка, за карактеристиките на поголемите реки кои течат низ Африка (должина, низ кои држави поминуваат, каде се влеваат, на кое сливно подрачје припаѓаат и сл.) и карактеристиките на поголемите езера (големина, држава каде се наоѓаат, поголеми реки кои се вливаат во нив или извираат од нив и сл.). Секоја група подготвува куса презентација, ја презентира пред другите групи и покажува на географска карта. На крајот сите заедно решаваат квиз и водат дискусија за тоа кои мориња, реки и езера  имаат најголемо значење за Африка или за регионот во кој се наоѓаат.

- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за најважните природни богатства со кои располага Африка (нафта, природен гас, платина, дијаманти, кобалт, манган, злато, ураниум). Секоја група истражува за различно природно богатство (во кој регион најмногу се наоѓа). Секоја група подготвува куса презентација, ја презентира пред другите групи и покажува на географска карта. На крајот сите заедно водат дискусија и доаѓаат до заклучок за тоа кои се најзначајни природни ресурси за развој на одреден регион или држава.
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за поделбата на Африка на региони. Секоја група истражува за различен регион во Африка, (држави кои припаѓаат во тој регион, површина, вкупен број на население, најголем град според бројот на население во таа држава, густина на населеност и стапка на природен прираст). Секоја група подготвува куса презентација (во форма на табела и графикон) и ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија и доаѓаат до заклучок за вкупниот број на население во Африка, кои држави се со најголема густина на население во Африка (односно во кој регион е сконцентриран најголем дел од населението), кои држави се најголеми по површина и население од секој регион и кои се најголеми градови според бројот на население во Африка и ги покажуваат на географска карта.
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за главните религии и групи на народи кои се застапени во Африка. Секоја група подготвува куса презентација и ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија и доаѓаат до заклучок за тоа кои се најзастапени религии и групи на народи на Африканскиот континент.
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за најголемите проблеми со кои се соочува населението во Африка (недостаток на храна, вода и здравствена заштита). Секоја група подготвува куса презентација и ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија и доаѓаат до заклучок за тоа кои се најголемите проблеми со кои се соочува населението на Африканскиот континент.
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за пирамидите во Гиза. Секоја група подготвува куса мултимедијална презентација (со слики, видео/аудио материјал, текст) и ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија и доаѓаат до заклучок за влијанието на овие градби во развојот на туризмот во државата во која се наоѓаат.
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за најпознатите туристички центри во Африка. Секоја група истражува за различен регион во Африка (природни и културни атракции, географска локација, туристички места и сл.). Секоја група подготвува куса мултимедијална презентација (со слики, карти, видео/аудио материјал, текст) за нивниот регион и ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија за важноста на туризмот и неговото влијание врз развојот на секој регион и доаѓаат до заклучок за тоа кои се најпознати туристички центри во Африка.
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за основните географски карактеристики на некои од поголемите држави во Африка (Египет и Јужно Африканската Република). Секоја група истражува за секоја од овие држави.

DRAFT

| | |
|---|---|
| Подготвува куса мултимедијална презентација (со слики, карти, видео/аудио материјал, текст) ја презентира пред другите групи и покажува на географска карта. На крајот, преку заедничка дискусија се споредуваат карактеристиките на тие држави.<br>• Учениците се делат во групи кои ќе глумат туристичка агенција и треба да подготви рекламен материјал (во вид на брошура) за посета на туристички места во Африка. Во рекламниот материјал треба да препорача туристичка тура за посета, при што се наведува земјата, јазикот што се зборува, валутата што се користи, главниот град и позначајните културни знаменитости, традиционалната храна и климата. Брошурите содржат текст и илустрации. На крајот ги споделуваат брошурите и бираат што најмногу би сакале да посетат кога би биле туристи.<br>• Секој ученик, индивидуално, пополнува нема карта на Африка по насока на наставникот (држави, мориња, реки, езера и сл.). | |
| **ГЕОГРАФИЈА**<br>Тема: **ГЕОГРАФИЈА НА АМЕРИКА**<br>Вкупно часови: **36** | |
| **Резултати од учење**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:<br>1. ја опишува географската положба и на географска карта да покажува каде се протегаат границите на Северна и Јужна Америка;<br>2. ги опишува со помош на географска карта природно-географските карактеристики на Северна и Јужна Америка: брегова разгранетост, релјеф, клима, хидрографија и природни ресурси;<br>3. ги опишува социо-географските карактеристики на Америка: број на население, густина на населеност, природен прираст, религии, народи, јазици и населби;<br>4. ги опишува со помош на географска карта регионалните целини на кои е поделена Америка, да ги идентификува државите кои припаѓаат на секоја од нив и да ги именува најпознатите туристички центри;<br>5. ги опишува со помош на географска карта основните географски карактеристики на САД, Канада и Бразил (географска положба, граници, големина, брегова разгранетост, релјеф, клима, хидрографија, население, поголеми градови, најзначајни туристички места, државно уредување и сл.); | |
| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| • **Природно-географски карактеристики на Северна Америка**<br>(Северна Америка, Јужна Америка, географска положба, брегова разгранетост, острови, Гренланд, Бафинова Земја, Викторија, Њуфаундленд, Бахамските, Мали и | • Прави врска меѓу името Америка и континентите Северна и Јужна Америка како посебни континенти и на географска карта ја покажува границата меѓу нив.<br>• Ја опишува географската положба на Северна Америка, покажува на географска карта каде се протегаат нејзините граници и ја идентификува како трет континент според површината во светот. |

| | |
|---|---|
| Големи Антили, полуострови, Аљаска, Калифорнија, Лабрадор, Флорида, Јукатан, морића, Бофорово Море, Берингово Море, Карипско Море, Саргасово Море, заливи, Хадсонов залив, Аљаски залив, Калифорниски залив, Мексикански залив, протоци, Панамски канал, низини, Средишни низини, висорамнини, Големиот Басен, висорамнината Колорадо, Мексиканската висорамнина, планини, Кордиљери/Анди, Апалачки планини, вулкани, Мауна Лоа, Мауна Кеа, Попокатепетл, Оризаба, пустини, Мохаве, климатски типови, сливно подрачје, реки, слив на Северен Леден Океан, Мекензи, слив на Тихи Океан, Јукон, Колумбија, Колорадо, слив на Атлантски Океан, Сент Лоренс, Мисисипи со Мисури, Рио Гранде, езера, Големо Мечкино езеро, Големо Ропско езеро, Големите американски езера: Горно, Мичиген, Хјурон, Ири, Онтарио). | • Ја опишува со помош на географска карта бреговата разгранетост на Северна Америка, при што ги идентификува најголемите острови, полуострови, заливи и протоци и на кои држави припаѓаат.<br>• Опишува каков релјеф преовладува на територијата на Северна Америка и на географска карта ги идентификува најкарактеристичните релјефни целини (низини, планини, висорамнини и пустини) и низ кои држави се протегаат истите.<br>• Го објаснува влијанието на одредени климатски фактори врз климатските карактеристики на Северна Америка (географската широчина, близината на морињата и океаните, релјефот и сл.).<br>• Наведува низ кои топлински појаси се протега Северна Америка и кои климатски типови се доминантно застапени и го опишува нивното протегање и нивните карактеристики.<br>• Ги идентификува на географска карта океаните и морињата на кои излегува Северна Америка.<br>• Ги именува со помош на географска карта најголемите реки во Северна Америка, и низ кои држави течат.<br>• Ги именува со помош на географска карта најголемите и позначајните езера во Северна Америка и посочува во кои држави се наоѓаат.<br>• Ги именува најважните природни богатства со кои располага Северна Америка (нафта, јаглен, злато, бакар, алуминиум, шуми и сл.), во кои региони и држави се разместени и ги покажува на географска карта. |
| • **Природно-географски карактеристики на Јужна Америка**<br>(географска положба, брегова разгранетост, острови, Галапагос, Огнена Земја, полуострови, морића, заливи, протоци, Магеланов Проток, низини, висорамнини, планини, Анди, Гвајански планини, Бразилски планини, вулкани, Охос Дел Саладо, Котопакси, пустини, Атакама, реки, слив на Тихи Океан, слив на Атлантски Океан, Ориноко, Амазон, Парана, езера, Титикака). | • Ја опишува географската положба на Јужна Америка и покажува на географска карта каде се протегаат нејзините граници.<br>• Ја опишува со помош на географска карта бреговата разгранетост на Јужна Америка, при што ги идентификува најголемите острови, полуострови, заливи и протоци и на кои држави припаѓаат.<br>• Опишува каков релјеф преовладува на територијата на Јужна Америка и на географска карта ги идентификува најкарактеристичните релјефни целини (низини, планини, висорамнини и пустини) и низ кои држави се протегаат истите.<br>• Го објаснува влијанието на одредени климатски фактори врз климатските карактеристики на Јужна Америка (географската широчина, близината на морињата и океаните, релјефот и сл.). |

| | |
|---|---|
| | • Наведува низ кои топлински појаси се протега Јужна Америка и кои климатски типови се доминантно застапени и го опишува нивното протегање и нивните карактеристики.<br>• Ги именува со помош на географска карта најголемите реки и езера во Јужна Америка.<br>• Ги именува најважните природни богатства со кои располага Јужна Америка (нафта, јаглен, злато, бакар, алуминиум, шуми и сл.), во кои региони и држави се разместени и ги покажува на географска карта.<br>• Го објаснува значењето на природните богатства за развој на регионот и државата каде се најмногу застапени. |
| • **Социо-географски карактеристики на Северна и Јужна Америка**<br>(број на население, густина на населеност, природен прираст, религии, христијанска религија, католици, протестанти, народи, јазици, англиски, шпански, португалски, француски, населби, градови, Мексико Сити, Њујорк, Лос Анџелес, Чикаго, Сао Паоло, Рио Де Жанеиро, туристички центри, Њујорк, Вашингтон, Лас Вегас, Орландо, Акапулко, Хаваи, Галапагос, Лос Анџелес, Сан Франциско, Рио Де Жанеиро, Јелоустонскиот национален парк, Мачу Пикчу, Чичен Ица, Нијагарини водопади, Ангеловиот водопад, Игуасу водопади, Големиот Кањон, Амазонија). | • Ги споредува Северна и Јужна Америка според површината и бројот на жители и идентификува во кои региони е сконцентриран најголем дел од населението.<br>• Ја идентификува различната густина на населеност во различни региони од Северна и Јужна Америка и ги идентификува географските фактори кои влијаат за таквата состојба.<br>• Ја објаснува стапката на природниот прираст, причините и последиците од таквото демографско движење на населението.<br>• Ги наведува главните религии кои се застапени во Северна и Јужна Америка и која од нив во кој регион е најмногу застапена.<br>• Именува некои од народите кои развиле напредна цивилизација пред Големите географски откритија (Маи, Инки и Ацтеки), покажува на географска карта каде биле најмногу распространети и ја објаснува географската и културната врска на Средна Америка со Северна и Јужна Америка.<br>• Со помош на географска карта идентификува три американски регионални целини (Северна, Средна и Јужна Америка), определува кои држави припаѓаат во секоја регионална целина, кои се најголеми држави во секој регион и кои се нивни главни градови.<br>• Ги именува најголемите градови во Северна и Јужна Америка, идентификува во кои држави се наоѓаат и ги покажува на географска карта.<br>• Именува некои од најзначајните туристички центри во Северна и Јужна Америка, ги идентификува нивните главни карактеристики и ги покажува на географска карта. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| | • Ги опишува со помош на географска карта основните географски карактеристики на САД (географска положба, граници, големина, брегова разгранетост, релјеф, клима, хидрографија, население, поголеми градови, најзначајни туристички места, државно уредување, природни ресурси и сл.).<br>• Ги опишува со помош на географска карта основните географски карактеристики на Канада (географска положба, граници, големина, брегова разгранетост, релјеф, клима, хидрографија, население, поголеми градови, најзначајни туристички места, државно уредување, природни ресурси и сл.).<br>• Ги опишува со помош на географска карта основните географски карактеристики на Бразил (географска положба, граници, големина, брегова разгранетост, релјеф, клима, хидрографија, население, поголеми градови, најзначајни туристички места, државно уредување, природни ресурси и сл.). |

**Примери за активности**

- Учениците, поделени во мали групи/парови, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за географската поделба на копното Америка на два континенти и каде се протега границата помеѓу тие два континенти. Секоја група подготвува куса презентација, ја презентира пред другите групи и покажува на географска карта. На крајот сите заедно водат дискусија и доаѓаат до заклучок за географската поделба на копното Америка на два континенти: Северна и Јужна Америка.
- Учениците, поделени во мали групи/парови, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за границите на Северна Америка и колкава е нејзината површина. Секоја група подготвува куса презентација, ја презентира пред другите групи и покажува на географска карта. На крајот сите заедно водат дискусија за големината и географската положба на Северна Америка.
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за бреговата разгранетост на Северна Америка. Секоја група истражува за различен регион: поголеми острови (на кои држави припаѓаат), полуострови (кои држави се наоѓаат на нив) и заливи. Секоја група подготвува куса мултимедијална презентација (со слики, карти, видео/аудио материјал, текст), ја презентира пред другите групи и покажува на географска карта, додека останатите групи треба да постават по едно прашање кое се однесува за регионот од групата што презентира. После презентацијата, еден член од групата што презентира, ја презема улогата на наставникот и поставува прашања на останатите групи. Ова го повторуваат сите групи. На крајот сите заедно водат дискусија и доаѓаат до заклучок за тоа кои делови од Северна Америка се карактеризираат со најголема брегова разгранетост.
- Учениците, поделени во мали групи, ја реализираат активноста „Планинско истражување на Северна Америка''. Секоја група добива задача да истражува, користејќи интернет и илустриран материјал, за одреден планински масив (највисок врв, должина на протегање, географска локација, држава/и каде се протега, и сл.), низина, висорамнина и пустина. Секоја група подготвува куса презентација, ја презентира пред другите групи и покажува на географска карта. На крајот сите заедно водат дискусија и доаѓаат до заклучок за тоа кој е најголем и најзначаен

DRAFT

планински масив во Северна Америка и какво е неговото влијание за развој на регионот во кој се претега.

- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за климата во Северна Америка. Секоја група добива задача да истражува, за одреден климатски фактор (близина на морињата и океаните, релјефот и сл.) и за карактеристиките на одреден климатски тип (каде е распространет, температура на воздухот, количина на врнежи, растителен и животински свет карактеристичен за него и сл.). Секоја група подготвува куса презентација и ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија за тоа како климата делува врз начинот на живеење на луѓето во различни делови од Северна Америка.
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за морињата, реките и езерата во Северна Америка. Секоја група добива задача да истражува, за морињата на кои излегува Северна Америка, за карактеристиките на поголемите реки кои течат низ Северна Америка (должина, низ кои држави поминуваат, каде се влеваат, на кое сливно подрачје припаѓаат и сл.) и карактеристиките на поголемите езера (големина, држава каде се наоѓаат, поголеми реки кои се вливаат во нив или извираат од нив и сл.). Секоја група подготвува куса презентација, ја презентира пред другите групи и покажува на географска карта. На крајот сите заедно решаваат квиз и водат дискусија за тоа кои мориња, реки и езера имаат најголемо значење за Северна Америка или за регионот во кој се наоѓаат.
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за најважните природни богатства со кои располага Северна Америка (нафта, јаглен, злато, бакар, алуминиум, шуми и сл). Секоја група истражува за различно природно богатство (во кој регион најмногу се наоѓа). Секоја група подготвува куса презентација, ја презентира пред другите групи и покажува на географска карта. На крајот сите заедно водат дискусија и доаѓаат до заклучок за тоа кои се најзначајни природни ресурси во Северна Америка и како влијаат за развој на одреден регион или држава.
- Учениците, поделени во мали групи/парови, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за границите на Јужна Америка и колкава е нејзината површина. Секоја група подготвува куса презентација, ја презентира пред другите групи и покажува на географска карта. На крајот сите заедно водат дискусија за големината и географската положба на Јужна Америка.
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за бреговата разгранетост на Јужна Америка. Секоја група истражува за различен регион: поголеми острови (на кои држави припаѓаат), полуострови (кои држави се наоѓаат на нив) и заливи. Секоја група подготвува куса мултимедијална презентација (со слики, карти, видео/аудио материјал, текст), ја презентира пред другите групи и покажува на географска карта, додека останатите групи треба да поставаат по едно прашање кое се однесува за регионот од групата што презентира. После презентацијата, еден член од групата што презентира, ја презема улогата на наставникот и поставува прашања на останатите групи. Ова го повторуваат сите групи. На крајот сите заедно водат дискусија и доаѓаат до заклучок за тоа кои делови од Јужна Америка се карактеризираат со најголема брегова разгранетост.
- Учениците, поделени во мали групи, ја реализираат активноста „Планинско истражување на Јужна Америка''. Секоја група добива задача да истражува, користејќи интернет и илустриран материјал, за одреден планински масив (највисок врв, должина на протегање, географска

локација, држава/и каде се протега, и сл.), низина, висорамнина и пустина. Секоја група подготвува куса презентација, ја презентира пред другите групи и покажува на географска карта. На крајот сите заедно водат дискусија и доаѓаат до заклучок за тоа кој е најголем и најзначаен планински масив во Јужна Америка и какво е неговото влијание за развој на регионот во кој се претега.

- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за климата во Јужна Америка. Секоја група добива задача да истражува, за одреден климатски фактор (близина на морињата и океаните, релјефот и сл.) и за карактеристиките на одреден климатски тип (каде е распространет, температура на воздухот, количина на врнежи, растителен и животински свет карактеристичен за него и сл.). Секоја група подготвува куса презентација и  ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија за тоа како климата делува врз начинот на живеење на луѓето во различни делови од Јужна Америка.
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за реките и езерата во Јужна Америка. Секоја група добива задача да истражува, за карактеристиките на поголемите реки кои течат низ Јужна Америка (должина, низ кои држави поминуваат, каде се влеваат, на кое сливно подрачје припаѓаат и сл.) и карактеристиките на поголемите езера (големина, држава каде се наоѓаат, поголеми реки кои се вливаат во нив или извираат од нив и сл.). Секоја група подготвува куса презентација, ја презентира пред другите групи и покажува на географска карта. На крајот сите заедно решаваат квиз и водат дискусија за тоа кои реки и езера  имаат најголемо значење за Јужна Америка или за регионот во кој се наоѓаат.
- Учениците, поделени во мали групи, ја реализираат активноста „Пловење по реката Амазон''. Секоја група треба да истражува, односно да „плови'' низ неа, користејќи интернет и илустриран материјал. Секоја група подготвува куса презентација за својата „пловидба'' низ реката (од каде извира, низ кои држави поминува, должина, широчина, длабочина, животински свет, каде се влева и сл.) и ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија и доаѓаат до заклучок дека таа е најбогатата река со вода во светот.
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за најважните природни богатства со кои располага Јужна Америка (нафта, гас, јаглен, злато, бакар, шуми и сл). Секоја група истражува за различно природно богатство (во кој регион најмногу се наоѓа). Секоја група подготвува куса презентација, ја презентира пред другите групи и покажува на географска карта. На крајот сите заедно водат дискусија и доаѓаат до заклучок за тоа кои се најзначајни природни ресурси во Јужна Америка и како влијаат за развој на одреден регион или држава.
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за главните религии и групи на народи кои се застапени во Северна и Јужна Америка. Секоја група подготвува куса презентација и ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија и доаѓаат до заклучок за тоа кои се најзастапени религии и групи на народи на Американскиот континент.
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за напредните цивилизации кои постоеле пред Големите географски откритија (Маи, Инки и Ацтеки). Секоја група подготвува куса презентација и ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија и доаѓаат до заклучок за тоа во кој регион биле главно распоредени овие цивилизации и дека овие народи

DRAFT

оставиле големо цивилизациско културно наследство и покрај ограничените познавања од областа на техниката во тоа време.

- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за поделбата на Америка на региони (Северна, Средна и Јужна Америка). Секоја група истражува за различен регион, (држави кои припаѓаат во тој регион, површина, вкупен број на население, најголем град според бројот на население во таа држава, густина на населеност и стапка на природен прираст). Секоја група подготвува куса презентација (во форма на табела и графикон) и ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија и доаѓаат до заклучок дека Америка поради историски, стопански и цивилизациски одлики е поделена на три региони: Северна, Средна и Јужна Амерка.
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за најпознатите туристички центри во Северна и Јужна Америка. Секоја група подготвува куса мултимедијална презентација (со слики, карти, видео/аудио материјал, текст) за нивниот регион и ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија за важноста на туризмот и неговото влијание врз развојот на одредена држава или регион.
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за основните географски карактеристики на некои од поголемите држави во Северна и Јужна Америка (Соединетите Американски Држави, Канада и Бразил). Секоја група истражува за секоја од овие држави. Подготвува куса мултимедијална презентација (со слики, карти, видео/аудио материјал, текст) ја презентира пред другите групи и покажува на географска карта. На крајот, преку заедничка дискусија се споредуваат карактеристиките на тие држави.
- Секој ученик, индивидуално, пополнува нема карта на Северна и Јужна Америка по насока на наставникот (држави, мориња, реки, планини и сл.).

**ГЕОГРАФИЈА**

Тема: **ГЕОГРАФИЈА НА АВСТРАЛИЈА СО ОКЕАНИЈА**

Вкупно часови: **9**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:

1. да ја опишува географската положба и на географска карта да покажува каде се протегаат границите на Австралија и Океанија;
2. да ги опишува со помош на географска карта природно-географските карактеристики на Австралија: брегова разгранетост, релјеф, клима, хидрографија и природни ресурси;
3. да ги опишува социо-географските карактеристики на Австралија: број на население, густина на населеност, природен прираст, религии, народи и други културни обележја кои се застапени во Австралија;
4. да ги опишува со помош на географска карта регионите на кои е поделена Австралија и Океанија, да ги идентификува државите кои припаѓаат на секој регион и да ги именува најпознатите туристички центри.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • **Природно-географски карактеристики на Австралија со Океанија**<br>(географска положба, брегова разгранетост, острови, Тасманија, Нов Зеланд, Нова Гвинеја, островски групи, Меланезија, Микронезија, Полинезија, полуострови, Јорк, Арнхемова Земја, морињa, Тиморско Море, Арафурско Море, Тасманово Море, Коралско Море, заливи, Карпентариски залив, Големиот Австралиски Залив, релјеф, низини, Австралиската низина, планини, Големите Вододелни Планини, висорамнини, пустини, Големата Песочна Пустина, Големата Викториина Пустина, клима, климатски типови, растителен свет, еукалиптус, акација, животински свет, кенгур, коала, птицата ему, кучето динго, тасманиски ѓавол, реки, Мари, езера, Ерово Езеро, природни богатства, нафта, јаглен, природен гас, дијаманти, злато, сребро, железо, никел, алуминиум) | • Ја опишува географската положба на Австралија, покажува на географска карта каде се протегаат нејзините граници и ја идентификува како држава-континент со најмала површина во светот.<br>• Ја опишува Океанија како заедничко име за многубројни острови кои се поделени на три големи островски групи (Меланезија, Микронезија и Полинезија).<br>• Ја опишува со помош на географска карта бреговата разгранетост на Австралија, при што ги идентификува најголемите острови, полуострови и заливи и на кои држави припаѓаат и ја идентификува Австралија како континент со мала брегова разгранетост.<br>• Опишува каков релјеф преовладува на територијата на Австралија и на географска карта ги идентификува најкарактеристичните релјефни целини (низини, висорамнини, планини, пустини и сл.) и низ кои држави се протегаат истите.<br>• Наведува низ кои топлински појаси се протега и кои климатски типови се доминантно застапени во Австралија, го опишува нивното протегање и нивните карактеристики и кои се главни претставници на растителниот и животинскиот свет.<br>• Го објаснува влијанието на океаните и морињата врз климатските карактеристики на Австралија.<br>• Ги именува со помош на географска карта океаните и морињата на кои излегува Австралија и најголемите реки и езера во Австралија.<br>• Ги именува најважните природни богатства со кои располага Австралија (нафта, јаглен, природен гас, дијаманти, злато и сл.), во кои региони и држави се разместени и ги покажува на географска карта. |
| • **Социо-географски карактеристики на Австралија со Океанија**<br>(број на население, густина на населеност, природен прираст, религии, христијанска религија, исламска религија, хиндуизам, будизам, групи на народи, Абориџини, најголеми градови, Сиднеј, Мелбурн, Бризбејн, Перт, Аделаид, Окланд, региони, Австралија, | • Го наведува вкупниот број на население во Австралија и идентификува во кои региони е сконцентриран најголем дел од населението.<br>• Ја идентификува различната густина на населеност во различни региони од Австралија.<br>• Ја објаснува стапката на природниот прираст, причините и последиците од таквото демографско движење на населението.<br>• Ги наведува главните религии кои се застапени во Австралија и која од нив во кој регион е најмногу застапена. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| Нов Зеланд, Меланезија, Микронезија, Полинезија, туристички центри, Голем Корален Гребен, Бора Бора, Фиџи, Сиднејската Опера, Кралската Изложбена Палата) | • Со помош на географска карта идентификува некои од најзначајните туристички места и културно историски знаменитости во Австралија и ги опишува нивните главни карактеристики.<br>• Ги именува најголемите градови во Австралија и ги покажува на географска карта.<br>• Со помош на географска карта ги идентификува регионалните целини (Австралија, Нов Зеланд, Меланезија, Микронезија, Полинезија) и определува кои држави припаѓаат во секоја регионална целина. |

**Примери за активности**

- Учениците, поделени во мали групи/парови, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за границите на Австралија и на Океанија и колкава површина зафаќаат. Секоја група подготвува куса презентација, ја презентира пред другите групи и покажува на географска карта. На крајот сите заедно водат дискусија за големината и географската положба на Австралија со Океанија.
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за бреговата разгранетост на Австралија. Секоја група истражува за различен регион: поголеми острови (на кои држави припаѓаат), полуострови (кои држави се наоѓаат на нив) и заливи. Секоја група подготвува куса презентација, ја презентира пред другите групи и покажува на географска карта, додека останатите групи треба да поставaт по едно прашање кое се однесува за групата што презентира. На крајот сите заедно водат дискусија и доаѓаат до заклучок за тоа кои региони од Австралија се карактеризираат со најголема брегова разгранетост.
- Учениците, поделени во мали групи, ја реализираат активноста „Патување низ австралиските пустини''. Секоја група треба да истражува, односно да „патува'' низ одредена пустина, користејќи интернет и илустриран материјал. Секоја група подготвува куса презентација за своето „патување'' низ пустината (каде се наоѓа, големина, температура, врнежи и сл.) и ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија и прават споредба на карактеристиките од пустините што ги истражувале.
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за климата во Австралија. Секоја група добива задача да истражува, за одреден климатски фактор (близина на морињата и океаните, релјефот и сл.) и за карактеристиките на одреден климатски тип (каде е распространет, температура на воздухот, количина на врнежи, растителен и животински свет карактеристичен за него и сл.). Секоја група подготвува куса презентација и  ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија за тоа како климата делува врз начинот на живеење на луѓето во различни делови од Австралија.
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за морињата, реките и езерата во Австралија. Секоја група добива задача да истражува, на кои океани и мориња излегува Австралија, за карактеристиките на поголемите реки кои течат низ Австралија (должина, низ кои држави поминуваат, каде се влеваат, на кое сливно подрачје припаѓаат и сл.) и карактеристиките на поголемите езера (големина, држава каде се наоѓаат, поголеми реки кои се вливаат во нив или извираат од нив и сл.). Секоја група подготвува куса презентација, ја презентира пред другите групи и покажува на географска карта. На крајот сите заедно решаваат квиз и водат дискусија за тоа

кои морињa, реки и езера  имаат најголемо значење за Австралија и доаѓаат до заклучок дека Австралија е сиромашна со површински води.

- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за најважните природни богатства со кои располага Австралија (нафта, јаглен, природен гас, дијаманти, злато и сл). Секоја група истражува за различно природно богатство (во кој регион најмногу се наоѓа). Секоја група подготвува куса презентација, ја презентира пред другите групи и покажува на географска карта. На крајот сите заедно водат дискусија и доаѓаат до заклучок за тоа кои се најзначајни природни ресурси за развој на државата.
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за поделбата на Австралија и Океанија на региони. Секоја група истражува за различен регион (држави кои припаѓаат во тој регион, површина, вкупен број на население, најголем град според бројот на население во таа држава и сл.). Секоја група подготвува куса презентација (во форма на табела и графикон) и ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија и доаѓаат до заклучок за вкупниот број на население во Австралија и Океанија, кои региони се со најголема густина на население, кои држави се најголеми по површина и население од секој регион и кои се најголеми градови според бројот на население во Австралија и ги покажуваат на географска карта.
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за главните религии и групи на народи кои се застапени во Австралија. Секоја група подготвува куса презентација и ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија и доаѓаат до заклучок за тоа кои се најзастапени религии и групи на народи на Австралискиот континент.
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за абориџинската култура и уметност. Секоја група подготвува куса презентација и ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија за настанатите промени кај домородното население (број, култура и сл.).
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за најпознатите туристички места во Австралија и Океанија. Секоја група истражува за различен регион (природни и културни атракции, географска локација, туристички места и сл.). Секоја група подготвува куса мултимедијална презентација (со слики, карти, видео/аудио материјал, текст) за нивниот регион и ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија за важноста на туризмот и неговото влијание врз развојот на секој регион и доаѓаат до заклучок за тоа кои се најпознати туристички места во Австралија.
- Учениците се делат во групи кои ќе глумат туристичка агенција и секоја група треба да подготви рекламен материјал (во вид на брошура) за посета на туристички места во Австралија и Океанија. Во рекламниот материјал треба да препорача туристичка тура за посета, при што се наведува земјата, јазикот што се зборува, валутата што се користи, главниот град и позначајните културни знаменитости, традиционалната храна и климата. Брошурите содржат текст и илустрации. На крајот ги споделуваат брошурите и бираат што најмногу би сакале да посетат кога би биле туристи.
- Секој ученик, индивидуално, пополнува нема карта на Австралија по насока на наставникот (региони, морињa, острови, пустини и сл.).

DRAFT

**ГЕОГРАФИЈА**

Тема: **ГЕОГРАФИЈА НА ПОЛАРНИТЕ ОБЛАСТИ**

Вкупно часови: **3**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. ја опишува географската положба на поларните области и нивните природно-географски карактеристики;
2. ја објаснува населеноста на поларните области, начинот на живот на домородното население;
3. ги наведува значењето на истражувањата што се прават во поларните области и ги објаснува последиците од глобалното затоплување за поларните области и преку нив, за остатокот од светот.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • **Природно-географски карактеристики на поларните области**<br>(Арктик, Антарктик, Гренланд, поларна клима, глечери, ледени брегови, ледени санти, ирваси, пингвини, поларна мечка, фоки, китови) | • Ја опишува географската положба на континентот Антарктик и на другите поларни области и ги покажува на географска карта (каде се протегаат и кои територии ги опфаќаат).<br>• Ги објаснува климатските карактеристики на поларните области и временските услови карактеристични за нив.<br>• Ги наведува и опишува главните претставници на растителниот и животинскиот свет во поларните области и ги опишува нивните основни карактеристики.<br>• Објаснува какво е влијанието на глобалното затоплување врз поларните области.<br>• Објаснува како промените во поларните области предизвикани од глобалното затоплување влијаат врз климатските промени во светот. |
| • **Социо-географски карактеристики на поларните области**<br>(Ескими, мразни колиби/игло, Роберт Пири, Роалд Амундсен) | • Ја објаснува населеноста на поларните области.<br>• Го опишува начинот на живот на домородното население во поларните области.<br>• Го објаснува значењето на Роберт Пири и Роалд Амундсен за патувањето на јужниот и северниот пол.<br>• Опишува какви истражувања се прават во поларните области и го објасннува нивното значење. |

**Примери за активности**

- Учениците, поделени во мали групи, ја реализираат активноста „Посета на поларните области''. Секоја група треба да истражува, односно да „посети'' одредена поларна област, користејќи интернет и илустриран материјал. Секоја група подготвува куса презентација за својата „посета''

DRAFT

(географска положба, големина, освојување, природни карактеристики и сл.) и ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија и прават споредба на карактеристиките меѓу Арктик, Антарктик и Грендланд.

- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за глобалното затоплување и последиците од глобалното затоплување врз поларните области. Секоја група подготвува куса презентација и ја презентира пред другите. На крајот сите заедно водат дискусија за последиците од глобалното затоплување и неговото влијание врз климатските промени.
- Учениците, поделени во мали групи, ја реализираат активноста „Распуст во поларна област''. Секоја група треба да истражува, односно да „престојува во семејство кое живее во поларна област за време на зимскиот или летниот распуст'', користејќи интернет и илустриран материјал. Секоја група подготвува куса презентација за својот „престој'' (населеност и начин на живеење на домородното население) и ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија и прават споредба за населеноста и начинот на живеење на Арктик, Антарктик и Грендланд.
- Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за освојувањето на поларните области и за денешните научни истражувања кои се спроведуваат на секој од нив. Секоја група подготвува куса презентација и ја презентира пред другите. На крајот сите заедно водат дискусија за значењето од освојувањето на поларните области од страна на човекот.

**ИСТОРИЈА**
**Тема: Големите откритија**
**Вкупно часови: 8**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. ги наведува големите географски откритија, објаснува како дошло до нив и кои се последиците од нив;
2. ја објаснува појавата на Првата и Втората индустриска револуција и ги опишува општествените промени кои се случиле како последица од двете револуција.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • **Причини за Големите географски откритија** (османлиските освојувања, трговија со зачини, картографија, каравела, бусола, компас, астролаб, морепловство, Марко Поло) | • Ги објаснува економските и политичките причини за големите географски откритија.<br>• Го објаснува значењето на Марко Поло за Географските откритија.<br>• Ги објаснува улогата и влијанието на христијанската религија поврзани со географските откритија.<br>• Го објаснува влијанието на научните достигнувања во арапскиот свет поврзани со Географските откритија.<br>• Ги наведува најважните технолошки изуми кои придонеле за Географските |

DRAFT

| | |
|---|---|
| | откритија. |
| • **Откривање на Америка, откривање на поморскиот пат за Индија, првото патување околу светот и откривање на Австралија**<br>(Кристофер Колумбо, Америко Веспучи, Васко де Гама, Бартоломеј Дијаз, Фернандо Магелан, Џејмс Кук) | • Го опишува откривањето на Америка.<br>• Го објаснува значењето на откривањето на поморскиот пат за Индија.<br>• Го опишува првото поморско патување околу Светот.<br>• Го опишува откривањето на Австралија.<br>• Го опишуваат животот на морепловците во текот на една експедиција. |
| • **Последици од Големите географски откритија**<br>(*негативни последици:* колонизација, експлоатација и трговија со луѓе, влијание врз животната средина, влијанија врз животот на староседелците – болести, раселување, конфликти; *придобивки:* миграција, економски развој, културна размена, научен напредок) | • Ги објаснува негативните последици на географските откритија врз животот на староседелците.<br>• Ги набројува придобивките на Големите географски откритија.<br>• Го објаснува значењето на Географските откритија за економскиот, политичкиот и културниот живот на Европа.<br>• Ја објаснува појавата и последиците од трговијата со луѓе од Африка. |
| • **Прва и втора индустриска револуција**<br>(откритија-научни и технички достигнувања и придобивките, мануфактура, парна машина, индустријализација, телеграф, телефон, електрификација, нафта, автомобил, Томас Едисон, Никола Тесла, Александар Бел, работничка класа) | • Ја објаснува појавата на индустриското производство и ги опишува промените што ги предизвикало.<br>• Ја објаснува појавата на Првата индустриска револуција во Обединетото Кралство–Англија.<br>• Ја објаснува појавата на Втората индустриска револуција.<br>• Ги наведува најзначајните откритија во текот на првата и втората индустриска револуција.<br>• Го опишува влијанието на Првата и Втората индустриска револуција врз општествата.<br>• Ги објаснува влијанието и улогата на Првата и Втората индустриска револуција врз развојот на градовите и врз на начинот на животот на луѓето.<br>• Го опишува влијанието на индустриските револуции врз животната средина. |

**Примери за активности**

- Учениците, поделени во групи, работат на проект: „Книга за географските откритија“. Првиот час истражуваат (на интернет и/или во историската литература) за откривањето на Америка, при што секоја група работи на еден аспект од откривањето: 1) патувањата на Кристофер Колумбо (од каде тргнал и каде пристигнал); 2) биографијата на Кристофер Колумбо со главните настани од неговиот живот 3) патувањата на Америко Веспучи (од каде тргнал и каде пристигнал); 4) биографија на Америко Веспучи со главните настани од неговиот живот и 5) занимливости во врска со откривањето на Америка. Секоја група составува текст со илустрации, кој прво го презентира пред

DRAFT

другите и по евентуалните сугестии за подобрување, сработеното се печати во вид на страница за книга.
Вториот час, учениците (поделени во други групи) работат на истиот принцип, работат на откривање на поморскиот пат за Индија, при што ги покриваат следните аспекти: 1) патувањето на Бартоломеј Дијаз во потрага по поморскиот пат кон Индија (од каде тргнал, како се движел и каде пристигнал); 2) биографија на Бартоломеј Дијаз; 3) патувањето на Васко де Гама во потрага по поморскиот пат кон Индија (од каде тргнал, како се движел и каде пристигнал); 4) биографија на Васко де Гама; 5) значењето на откривањето на поморскиот пат за Индија и (4) занимливости во врска со откривањето на поморскиот пат кон Индија. Секоја група составува текст со илустрации кој прво го презентира пред другите и по евентуалните сугестии за подобрување, сработеното се печати во вид на страница за книга.
Третиот час учениците (поделени во нови групи) работата по истиот принцип на следните аспекти од првото поморско патување околу Светот: 1) која била целта на експедицијата на Магелан и што открила по патот; 2) патувањето на Магелан (кога тргнал, од каде тргнал, како се движел и каде пристигнал); 3) биографија на Магелан; 4) занимливости во врска со патувањето на Магелан околу светот. Секоја група составува текст со илустрации кој прво го презентира пред другите и по евентуалните сугестии за подобрување, сработеното се печати во вид на страница за книга.
Четвртиот ден учениците (поделени во нови групи) работата по истиот принцип на следните аспекти од откривањето на Австралија: 1) откривањето на Северниот брег на Австралија (патувањето на Вилем Јансон- кога и од каде); 2) откривањето на Источниот брег на Австралија (кога, каде, од кого); 3) биографија на Џемс Кук и 4) занимливости во врска со откривањето на Австралија. Секоја група составува текст со илустрации кој прво го презентира пред другите и по евентуалните сугестии за подобрување, сработеното се печати во вид на страница за книга. Заеднички се изработува корица за книгата и сите страници се спојуваат.

- Учениците следат кратка презентација за првата и втората индустриска револуција (зошто,кога, каде и како се случиле), за појавата на индустриското производство и споредбата со мануфактурното производство (со конкретни изготвени примери од страна на наставникот). Потоа, учениците поделени во мали групи истражуваат од интернет или од историска литература и подготвуваат презентација со слики и текст за главните откритија за време на Првата и Втората индустриска револуција: (1) машината за предење „Џени” (кој ја изумил и како била користена); (2) парната машина (кој и кога ја изумил и за што била користена); (3) првиот параброд (од кого, кога и каде бил изумен); (4) челикот (кога и каде бил изумен и за што бил користен); (5) моторот со внатрешно согорување (кој го открил, за што се користел и која е придобивката); (6) еликтрификацијата (кој и како ја изумил и за што било користена) (7) телеграфот и телефонот (кој ги открил, како и за што биле користени). По презентацијата, наставникот отвора дискусија со сите ученици проследена со следните прашања:
    1. *Какво влијание имале Првата и Втората индустриска револуција врз општеството?*
    2. *Какво влијание и каква улога имале двете индустриски револуции во развојот на градовите и начинот на животот на луѓето?*
    3. *Кои биле последиците од индустриските револуции врз животната средина?*
    4. *Како би изгледал светот доколку не би се случиле Првата и Втората индустриска револуција?*

| **ИСТОРИЈА**<br>**Тема: Создавање на националните држави**<br>**Вкупно часови: 16** | |
|---|---|
| **Резултати од учење**<br><br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:<br><br>1. ја објаснува улогата на просветителството во развојот на граѓанството, научната мисла и економијата;<br>2. ја опишува Француската револуција и ги објаснува придобивките од неа и нејзиното влијание врз промените во Европа;<br>3. ја објаснува појавата на националните држави и промените во Европа предизвикани од тоа;<br>4. го објаснува формирањето на Соединетите Американски Држави;<br>5. ги наведува и опишува придобивките што се јавиле со подемот на демократијата. | |
| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| • **Просветителство, развојот на граѓанството и почетоците на капитализмот**<br>(просветителство, апсолутни монархии, просветителски деспотизам, парламентарни монархии, меркантилизам, капитализам, буржоазија, Монтескје, Волтер, Жан Жак Русо, граѓанство, Џон Лок, Адам Смит, либерализам) | • Го определува периодот на појавата на просветителството.<br>• Ги опишува карактеристиките на просветителството.<br>• Го објаснува развојот на граѓанството во Европа.<br>• Го објаснува влијанието на просветителството врз научната мисла и економијата.<br>• Ја објаснува појавата на буржоазијата и ги опишува почетоците на развојот на капитализмот. |
| • **Француската револуција и создавањето на Француската република**<br>(револуција, Декларација на правата на човекот и граѓанинот, принципи на слобода, еднаквост и братство, женски марш на Версај, република, Устав,уставни монархии, сталежи, народно собрание, Бастиља, Робеспјер, гилотина, аболиционизам) | • Ги идентификува причините за избувнување на Француската револуција.<br>• Го наведува и опишува почетокот на Француската револуција и главните настани во текот на револуцијата.<br>• Ги опишува карактеристиките на првата француска република.<br>• Го објаснува значењето на Декларацијата за правата на човекот и на граѓанинот и на првото укинување на ропството во Франција.<br>• Го објаснува влијанието на француската револуција во Европа и светот. |
| • **Улогата и значењето на Наполеон Бонапарта**<br>(директориум, Корзика, Бородино, Аустерлиц, Трафалгар, Ватерло, св. Елена, Битка на народите, света Алијанса, | • Ги наведува околностите за доаѓањето на Наполеон на власт во Франција.<br>• Ги идентификува промените кои настанале во периодот на владеење на Наполеон со Франција. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| остров Елба, Жозефина, Прусија, Кутузов, Нелсон, кодекс на Наполеон, Виенски конгрес) | • Го објаснува влијанието на војните кои ги водел Наполеон за историјата на Европа.<br>• Го објаснува значењето на кодексот на Наполеон врз развојот на законодавството во Европа.<br>• Ги наведува причините за падот на Наполеон од власт.<br>• Го објаснува значењето на Виенскиот конгрес. |
| • **Нови национални држави во Европа**<br>(Гарибалди, Виктор Емануел, Џузепе Меаца, Бизмарк, нација, национално движење, театри, балет, опера, музеи ) | • Ја објаснува појавата и идеите за формирање на национални држави.<br>• Го опишува процесот на создавање нови национални држави во Европа.<br>• Ја опишува улогата на  Гарибалди и Бизмарк во создавањето на Италија и Германија.<br>• Ги наведува промените во Европа по формирањето на новите национални држави.<br>• Ги опишува развојот на културата и уметноста во новосоздадените национални држави во Европа. |
| • **Формирање на Соединетите Американски Држави**<br>(борба за независност, граѓанска војна,  плантажи, робови-робовладетели, Џорџ Вашингтон, Декларација за независност, Томас Џеферсон, конфедерација и федерација, Абрахам Линколн, Прокламација за еманципација, 4 јули) | • Го објаснува формирањето на САД преку борбата за независност.<br>• Ја објаснува важноста на идеите содржани во Декларацијата за независност.<br>• Ја опишува граѓанската војна во САД и ги објаснува промените што настанале по неа.<br>• Ја објаснува улогата на Прокламацијата за еманципација во укинувањето на ропството во САД . |
| • **Подем на демократијата**<br>(политички партии, избори, право на глас, слобода на говор,весници, книги, памфлети, пароли, Карл Маркс, марксизам, социјалистички идеи, синдикати, работнички права, Интернационала, Први мај, Осми март, суфражетки, Емелин Панкхерст, Роза Луксембург, Клара Цеткин, Роса Плавева, Накије Бајрам, Драга Љочиќ, Димитрана Иванова) | • Го објаснува значењето на револуцијата од 1848 година за подемот на демократијата во Европа.<br>• Ги опишува промените во општеството со појавата на парламентарното уредување и ги објаснува придобивките од таквите промени.<br>• Ги објаснува промените во општеството со појавата на економскиот либерализам.<br>• Ги опишува промените во културата на живеење како резултат на општествените и економските промени.<br>• Ја опишува борбата за работнички права во светот.<br>• Ја објаснува појавата на социјалистичката идеологија.<br>• Ја опишува општествената положба на жените и борбата за женски права.<br>• Ја опишува положбата на децата и ги наведува првите законски решенија за |

DRAFT

| | |
|---|---|
| | заштита на детските права.<br>• Ги наведува жените од Балканот што се бореле за женските права. |

**Примери за активности**

- На учениците им се презентира кога била донесена Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот и кои биле причините за нејзиното донесување. Потоа чениците се делат во групи и секоја група добива примерок од Декларацијата со задача, преку проучување на содржината на Декларацијата, да одговори на прашањето *Кои права и слободи ги опфаќа?.* По презентација на сработеното од страна на групите, се води дискусија по следните прашања што се однесуваат на значењето на Декларацијата во дадениот историски контекст: (1) *Какви промени во управувањето со државата предизвикала?* (2) *Какво било нејзиното влијание врз правата и слободите на граѓаните во тоа време?*. На крајот се заклучува дека Декларацијата станала основа за формирање на меѓународните документи за заштита на човековите права, како што е Декларацијата за човекови права на Организацијата на обединетите Нации донесена 160 години подоцна.
- Учениците се делат во групи или парови со задача да подготват кус опис (со текст и илустрација) за еден од следните настани поврзани со Наполеон Бонапарта: (1) раѓањето; (2) бракот со Жозефина, (3) битката кај Аустерлиц, (4) битката кај Трафалгар,(5) битката кај Бородино, (6) битката кај Ватерло, (7) Војната на народите, (8) крунисувањето, (9) Кодекс на Наполеон, (10) прогонот и смртта. Текстот и илустрацијата се отпечатува на лист и на временска лента нацртана на таблата се запишува годинатата кога се случил настанот и покрај неа се залепува листот со описот на настанот. Секоја група, според редоследот на временската лента, го презентира „својот“ настан. Наставникот ги користи настаните од живото на Наполеон Бонапата за да ги објасни: околностите за доаѓањето на Наполеон на власт во Франција, промените кои настанале во периодот на неговото владеење, влијанието на војните, значењето на кодексот и причините за падот од власта.
- Учениците се делат во групи и секоја група добива задача, откако ќе истражи на интернет, да подготви презентација (текст со илустрација и 3 прашања во врска со содржината на презентацијата) кој ја опишува улогата на Џорџ Вашингтон, Томас Џеферсон и Абрахам Линколн во формирање на Соединетите Американски Држави (секоја група работи на еден од наведените претседатели). Секоја група го презентира сработеното, по што ги поставува трите прашања (на самата презентација) на кои учениците од другите групи треба да ги дадат одговорите во натпреварувачка постапка. По поставувањето на прашањата другите групи имаат 5 минути да ги напишат одговоритте без при тоа да користат дополнителни извори на информации (интернет, учебник или консултации). Напишаните одговори му ги предаваат на наставникот кој ги чита на глас и доделува по 1 поен на секој точен одговор. На крајот наставникот го резимира значењето на секој од претседателите за формирање на Соединетите Американски Држави.
- На учениците им се претставува положбата на жените која довела до борбата за женски права. Потоа учениците се делат во групи со задача да подготват постер (со текст и илустрации) за: (1) Емелин Панкхерст, (2) Роза Луксембург и (3) Клара Цеткин (секоја група за една од нив) во кој ќе го наведат времето и државата во кои живееле и ќе ги опишат нивните најзначајни активности во борбата за женските права. Постерите се истакнуваат на видно место и се презентираат од страна на групите. Потоа, во отворена дискусија, учениците ги резимираат заслугите во дејствувањето на трите жени и заклучуваат кои се заедничките елементи од нивното дејствување што ги карактеризира како борци за женски права.

DRAFT

| **ИСТОРИЈА**<br>**Тема: Големите војни и мировните договори**<br>**Вкупно часови: 24** | |
|---|---|
| **Резултати од учење**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:<br>1. да ја опише појавата на империјализмот и да ги објасни спротивностите меѓу големите сили;<br>2. да ги опише Балканските војни и да ги објасни последиците од нив;<br>3. да ја опише Првата светска војна и да ги објасни последиците од неа;<br>4. да ги опише промените во Русија по Февруарската и Октомвриската револуција;<br>5. да ги наведе карактеристиките на светската економска криза меѓу двете светски војни и последиците од неа;<br>6. да ги објасни карактеристиките на фашистичката и нацистичката идеологија и последиците од фашистичкиот и нацистичкиот режим;<br>7. да ја опише Втората светска војна и да ги објасни последиците од неа;<br>8. да ги опише Холокаустот и злосторствата против човештвото направено во текот на Втората светска војна. | |
| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| • **Појавата на империјализмот во Европа**<br>(колонии, империјализам, воени сојузи Антанта и Централни сили,  колонијализам) | • Ја објаснува појавата на империјализмот и ги наведува карактеристиките на империјализмот.<br>• Ги наведува причините за појава на спротивности помеѓу големите сили.<br>• Ги наведува сличностите и разликите помеѓу Централните сили и Антантата.<br>• Ја објаснува појавата на колонијализмот и ги наведува карактеристиките на колонијализмот.<br>• Ја опишува положбата на населението во Европските колонии во Африка и Азија. |
| • **Балканските војни и Букурешкиот мировен договор**<br>(Прва и Втора балканска војна, фронт, сојузи, Брегалничка битка, поделба, мировен договор, Лондонски мировен договор, Букурешки мировен договор,  Балканско буре барут, бегалци) | • Го наведува периодот на одвивање на избувнување на Првата и на Втората балканска војна.<br>• Ги наведува причините за избувнување на Балканските војни.<br>• Ги наведува решенијата од Лондонскиот и Букурешкиот мировен договор.<br>• Ги опишува последиците од Првата и од Втората балканска војна.<br>• Гоопишува учеството на македонското население во Балканските војни и ги објаснува последиците по населението по војните.<br>• Го објаснува значењето на терминот Балканско буре барут. |
| • **Првата светска војна**<br>(Гаврило Принцип, Франц Фердинанд, атентат, ултиматум, Австро-Унгарија, Сома, Верден, тенкови, воени отрови, | • Го наведува периодот на избувнување и одвивање на Првата светска војна.<br>• Ги наведува причините за  почеток на Првата светска војна. |

| | |
|---|---|
| Солунски (македонски) фронт, Кајмакчалан, Крф, Маузерски езера, Галиција, регрутирање, рововска војна, тотална војна, пацифизам, дезертери, примирје, дадаизам, пропаганда, цензура, шпански грип, тифус) | • Ги опишува воените дејствија на Западниот, Источниот и Балканскиот фронт.<br>• Ги објаснува причините за појавата на антивоеното движење во Европа и во светот.<br>• Го опишува крајот и ги објаснува последиците од Првата светска војна.<br>• Го објаснува влијанието на војната врз културата и уметноста.<br>• Го објаснува влијанието на Првата светска војна врз појавата и ширењето на разни болести и епидемии.<br>• Го објаснува влијанието на Првата светска војна врз населението. |
| • **Версајска мировна конференција и промените на политичката карта на Европа** (Версај, , Кралството СХС, протести, анексија, Албанија, Австрија, Унгарија, Чехословачка, Друштво на народите, колективна безбедност, арбитража) | • Го наведува периодот на одржување на Версајската мировна конференција.<br>• Ги наведува клучните решенија од Версајската мировна конференција.<br>• Ги наведува промените на политичката карта на Европа по Првата светска војна и создавањето на нови држави.<br>• Ги објаснува последиците од решенијата донесени на Версајската мировна конференција.<br>• Ги објаснува создавањето и улогата на Друштвото на народите. |
| • **Февруарската и Октомвриската револуција и промените во Русија**<br>(Февруарска револуција, Октомвриска револуција, Ленин, Романови, болшевици, меншевици, белогардејци, црвена армија СССР, Сталин, диктатура, Гулаг, колективизација, национализација, колхози, петолетки, холодомор/гладомор, култ на личност) | • Го опишува руското општество пред Февруарската и Октомвриската револуција.<br>• Ги наведувапричините за избувнување на Февруарската револуција во Русија и ги објаснува последиците од неа.<br>• Го наведува периодот на избувнување на Октомвриската револуција и го објаснува нејзиниот тек.<br>• Ја објаснува улогата на Ленин во Октомвриската револуција и во создавањето на СССР.<br>• Ги опишува промените во Русија по создавањето на СССР.<br>• Го опишува влијанието на Октомвриската револуција врз Европа и светот.<br>• Ги наведува основните карактеристики на Сталиновиот режим во СССР .<br>• Ги објаснува последиците од економските политики на Сталиновиот режим врз животот на цивилното население.<br>• Ги објаснува причините за создавање на логорите Гулаг. |
| • **Светската економска криза меѓу двете светски војни**<br>(Голема депресија, невработеност, сиромаштија, протест, штрајк, социјални немири) | • Ги опишува причините за светската економска криза.<br>• Ги наведува карактеристиките на светската економска криза.<br>• Го опишува животот на луѓето за време на светската економска криза. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| • **Појавата на фашизмот и нацизмот**<br>(либерална демократија, нацизам, фашизам, Хитлер, ариевска раса, Мусолини, Франциско Франко, Шпанската граѓанска војна,Национална фашистичка партија, Националсоцијалистичка германска работничка партија, воена диктатура, авторитарен режим, тоталитаризам, Гестапо) | • Го објаснува влијанието на економската криза врз појавата на фашистичката и нацистичката идеологија.<br>• Ги наведува причините за кризата на либералните демократии која придонела за појавата на фашистичката и нацистичката идеологија.<br>• Ја објаснува појавата на фашизмот и на нацизмот во Италија и Германијаи промените што ги предизвикуваат.<br>• Го објаснува животот на луѓето во државите со фашистички и нацистички режим.<br>• Ја опишува  Шпанската граѓанска војна.<br>• Го објаснува местото на жената и децата според фашистичката и нацистичката идеологија.<br>• Ја објаснува улогата на културата и уметноста во пропагандата на фашистичка Италија и нацистичка Германија. |
| • **Втората светска војна**<br>(сојузници, сили на оска, Минхенска конференција, Блицкриг, битката за Москва, Сталинградската битка, битката кај Курск, битката за Берлин, битката кај Мидвеј, битката за Франција, битката за Англија, битката за Атлантикот,тотална војна, антифашистичко движење, движење на отпорот, колаборационисти, квислинг, „Маин Камфп“, Мусолини, Хитлер, Сталин, Черчил, Рузвелт, Хари Труман, Перл Харбор, атомска бомба, Хирошима, Нагасаки, капитулација,  воени злосторства, Нирнберг, Женевска конвенција, Црвен крст) | • Ги наведува периодот и причините за започнување на Втората светска војна.<br>• Ги опишува главните битки кои влијаеле врз  текот на војната.<br>• Го опишува животот на луѓето на териториите под окупација.<br>• Ги наведува причините за отпорот и создавањето на антифишастичкото движење.<br>• Ги објаснува последиците од масовните бомбардирања во Европа и Јапонија врз цивилното население.<br>• Ги опишува крајот и последиците од Втората светска војна.<br>• Ја опишува улогата на светските лидери во Втората светска војна.<br>• Го објаснува значењето на Женевската конвенција и на делувањето на Црвениот крст во заштитата на цивилното население во време на војни. |
| • **Холокаустот и злосторствата против човештвото**<br>(холокауст, геноцид, Нирнбершки закони, антисемитизам, кристална ноќ, концентрациони логори, Треблинка, Аушвиц, | • Го објаснува поимот холокауст.<br>• Го објаснува поимот антисемитизам. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| Јасеновац, крематориуми) | • Ги објаснува последиците од носењето на Нирнбершките закони врз еврејското и ромското население и луѓето со телесна попреченост и со хомосексуална ориентација.<br>• Ги опишува настаните од Кристалната ноќ и последиците од тие настани.<br>• Ги опишува злосторствата во концентрационите логори.<br>• Ги опишува последиците од фашистичката идеологија врз населението од негерманско потекло и со различна политичка определба. |

**Примери за активности**

- Наставникот поставува прашања на кои учениците, поделени во групи, се натпреваруваат во давањето точни одговори. По секое поставено прашање, учениците добиваат извесно време за да го најдат одговорот и сите членови на групата да го запишат на ливче. Наставникот ги добива ливчињата и доделува поен на групата со најмногу ливчиња со точниот одговор. Прашањата се следните:
    1) Кога започнала Првата Балканска војна?
    2) Кои држави учествувале во Првата Балканска војна?
    3) Која мировна конференција следела по Првата Балканска војна?
    4) Кога започнала Втората Балканска војна?
    5) Кои држави учествувале во Втората Балканска војна?
    6) Која мировна конференција следела по Втората Балканска војна?

  По завршување на „натпреварот“ наставникот ги презентира причините за избувнување на Балканските војни, решенијата од Лондонскиот и Букурешкиот мировен договор, последиците од Првата и од Втората балканска војна и учеството на македонското население во Балканските војни. На крајот заеднички се дискутира за значењето на терминот Балканско буре барут.
- На учениците, преку презентација, им се објаснуваат основните карактеристики на Сталиновиот режим во СССР и последиците од економските политики на режимот врз животот на цивилното население. Потоа, учениците, поделени во мали групи, добиваат задача да истражуваат за логорите на Гулаг, при што, половина од групите презентираат кога постоеле и за што служеле, а другата половина презентираат како изгледал животот на луѓето испратени таму. По презентација на сработеното, заеднички се изведува заклучок за причините за создавање на овие логори.
- Учениците, поделени во групи добиваат работен лист со тврдења во врска со појавата на фашизмот во Италија и нацизмот во Германија, со задача да ја проверат нивната вистинитост (дали се точни=Т или не се=Н) преку истражување на интернет или од историска литература. Пример за можни трвдења:
    1. Нацизмот во Германија произлегува од политичката и економската нестабилност по Втората светска војна. [Н- по Првата светска војна]
    2. Фашизмот во Италија се развил како одговор на политичката нестабилност и економската криза пред Првата светска војна. [Н - по

DRAFT

завршувањето на Првата светска војна]

3. Економската криза во Германија и Италија која придонела за појавата на нацизмот и фашизмот предизвикала отворање на нови компании и нови работни места што довело до масовни протести, поради што луѓето чувствувале голема социјална несигурност и недоверба во институциите на системот. [Н - предизвикала значително загуба на работни места (голема стапка на невработеност) и банкрутирање на компании]
4. Адолф Хитлер бил клучната фигура во појавата на нацизмот во Германија, а Бенито Мусолини играл главна улога во појавата на фашизмот во Италија. [Т]
5. Хитлер ја основал Националсоцијалистичката германска работничка партија пред Мусолини да го основа Фашистичкото движење во Италија. [Н- Фашистичкото движење е основано во 1919, а Националсоцијалистичката германска работничка партија во 1920].
6. Мусолини дошол на власт во Италија во 1933 година, а Хитлер во Германија во 1925 година. [Н- Мусолини во 1925, а Хитлер во 1933]
7. Хитлер и Мусолини дошле на власт ветувајќи им на луѓето дека ќе обезбедат работа, благосостојба и национален просперитет и дека ќе ја повратат изгубената слава на нивните народи. [Т]
8. Пропагандата во медиумите и на јавните настани во која доминирале екстремно националистички идеи (расизам и ширење омраза кон Евреите) и антисемитски идеи (за надмоќноста на „ариевската" раса) играла клучна улога во ширењето на фашистичката идеологија. [Н – играла кључна улога во ширењето на нацистичката идеологија]

По завршување на работата на групите, за секое тврдење (едно по друго) наставникот прво прашува дали го означиле за точно или неточно (делумно точно или целосно неточно) и бара објаснувања зошто одговориле така, а потоа, откако ќе укаже на бараниот одговор, го проширува објаснувањето на оној аспект од појавата на фашизмот и/или нацизмот опфатен со тврдењето. Откако ќе се поминат сите тврдења на истиот начин, во отворена дискусија се изведува заклучок за тоа како економската криза влијаела врз појавата на фашистичката и нацистичката идеологија и како се појавиле фашизмот во Италија и нацизмот во Германија.

- Учениците, поделени во групи добиваат работен лист со тврдења во врска со промените предизвикани со фашизмот во Италија и нацизмот во Германија, со задача да ја проверат нивната вистинитост преку истражување на интернет или од историска литература. Пример за можни трвдења:

1. Појавата на фашизмот и нацизмот довела до укинување на демократските институции во Италија и Германија и воведување авторитарни режими кои ги гарантирале слободите и правата на граѓаните со цел да обезбедат контролата врз граѓаните и да го засилат авторитетот на власта. [Н – ги ограничиле слободите и правата на граѓаните]
2. Фашистичкиот и нацистичкиот режим довеле до милитаризација на општеството – доминирале воената пропаганда, воените паради и воената индустрија. [Т]
3. Во нацистичка Германија и фашистичка Италија медиумите имале слобода на информирање и широко распостранетата пропаганда се користела како средство за манипулирање на масите и поддршка на владеечките идеологии. [Н – медиумите биле строго контролирани и

цензурирани]
4. Нацистичкиот режим во Германија вовел расни закони и ја озакониле дискриминацијата насочена кон Евреите, Ромите и лицата со хомосексуална ориентација, кои биле изложени на систематски прогон. [Т]
5. Во нацистичка Германија и фашистичка Италија луѓето кои се сметале за политички противници или непријатели на режимот биле прогонети, затворани и изложени на разни видови малтретирање и репресии, а луѓето кои отворено го поддржувале режимот биле наградувани. [Т]
6. Во нацистичка Германија и фашистичка Италија се формирале тајни полициски служби што ги шпионирале и прислушкувале граѓаните со цел да се намали стравот кај граѓаните и да се зголеми безбедноста во општеството. [Н – со цел да се зголеми стравот кај граѓаните и да се зголеми контролата на општеството]
7. Во нацистичка Германија и фашистичка Италија образованието служело за да се индоктринираат учениците со идеологијата на режимот, а единствено уметноста и културата не биле контролирани и не биле користени за промовирање на идеологиите на режимите и ширење пропагандни и националистички пораки. [Н – уметноста и културата биле контролирани и користени за промовирање на идеологиите на режимите и ширење пропагандни и националистички пораки]

По завршување на работата на групите, за секое тврдење (едно по друго) наставникот прво прашува дали го означиле за точно или неточно (делумно точно или целосно неточно) и бара објаснувања зошто одговориле така, а потоа, откако ќе укаже на бараниот одговор, го проширува објаснувањето на оној аспект од промените предизвикани од фашизмот и/или нацизмот опфатен со тврдењето. Откако ќе се поминат сите тврдења на истиот начин, во отворена дискусија се заклучува за тоа каков бил животот на луѓето во државите со фашистички и нацистички режим и каква била улогата на културата и уметноста во пропагандата на овие режими.

- Учениците, поделени во групи добиваат текст во кој се опишани Нирнбершките закони (https://holocaustfund.org.mk/posts/details/191) , со задача да го анализираат и откако ќе си замислат дека се Евреи кои тогаш живееле во Геманија, да подготват презентација во која ќе ги опишат последиците по „нивното“ секојдневно живеење по донесувањето на овие закони. Откако сите групи ќе го прикажат сработеното, наставникот им ги презентира настаните од Кристалната ноќ и последиците од тие настани, по што заеднички се дискутира како би се чувствувале доколку тие самите би биле на местото на Евреите во нацистичка Германија.
- На учениците им се објаснува значењето на поимите *антисемитизам*, *холокауст* и *геноцид* преку нивното практикување од страна на нацистичка Германија во текот на Втората светска војна и непосредно пред неа. Потоа, учениците се делат во групи со задача да подготват големи постери кои ќе содржат информации за бројот на жртви на холокаустот (Евреи, Роми, лица со попречености и лица со хомосексуална ориентација) и бројот на концентрациони логори и имињата и местоположбата на логорите со најмногу жртви, како и опис на тоа што се случувало во концентрационите логори, поддржан со најмалку 6 фотографии. Секоја група на постерот треба да напише и „своја“ порака во која ќе ги изрази своите чувства предизвикани од содржината на постерот и/или ќе апелира на спречување прикажаното на постерот никогаш да не се повтори. По презентацијата на постерите се води отворена дискусија во која се резимираат последиците од фашистичката идеологија врз

населението од негерманско потекло и со различна политичка определба.

**ИСТОРИЈА**

**Тема: Национални и ослободителни движења на балканските народи**

**Вкупно часови: 24**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. Го објаснува постоењето на преднационални идентите и разликата помеѓу преднационални и национални идентитет;
2. Го опишува создавањето на македонската национална идеја;
3. Го опишува создавањето на албанската национална идеја;
4. Го објасни значењето на МРО во национално-ослободителната борба на македонскиот народ.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • **Услови за појава на националните движења на Балканот**<br>(религиски, социјални, семејни/клановски и јазични идентитети; национален идентитет, национализам, Пролет на народите, Вук Караџиќ, Георги Раковски, Александар Ипсиланти) | • Ги наведува различните идентитети според кои се разликувало населението на Балканот пред појавата на националните идеи и ги опишува нивните карактеристики.<br>• Ги објаснува општествено-економските промени во Европа кои довеле до создавање и ширењето на националните идеи на Балканот.<br>• Наведува примери за улогата на значајни личности за појавата и развојот на националните движења на Балканот. |
| **Создавањето и развојот на македонската национална идеја**<br>(браќа Миладиновци, Јордан Хаџи Константинов - Џинот, Григор Прличев, Ѓорѓија Пулевски, Крсте Петков Мисирков, Димитрија Чуповски, Кузман Шапкарев, Рајко Жинзифов, Теодосиј Гологанов) | • Ги објаснува општествено-економски прилики кои довеле до создавањето и развојот на македонската национална идеја.<br>• Ја објаснува улогата и значењето на народните училишта и учители во еманципацијата на македонското словенско население и ширењето на народните говори.<br>• Ја објаснува дејноста на браќата Миладиновци во еманципацијата на македонското словенско население.<br>• Ги објаснува обидите за обнова на Охридската архиепископија и црковните пропаганди кои биле спроведувани врз македонското словенско население.<br>• Го опишува животот на Григор Прличев и значењето на неговите дела за другите народи на Балканот (Сердарот, Скендербег).<br>• Го објаснува значењето на делото на Ѓорѓија Пулевски „Славјанско-маќедонска општа историја“ за развојот на македонската национална идеја. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| | • Го објаснува значењето на делото на Крсте Петков Мисирков „За македонските работи“ во развојот на македонската национална идеја.<br>• Ја опишува улогата на Димитрие Чуповски и Македонското научно-литературно другарство во Санкт-Петербург  за развојот на македонската национална идеја. |
| • **Создавањето и развојот на албанската национална идеја**<br>(Наум Веќиларџи, Јероним Де Рада, Елена Џика, Константин Кристофориди, Зеф Серембе, Сами Фрашери, Наим Фрашери, Асдрени, Пашко Васа, Ѓерѓ Фишта, Севасти Кирјази, Корча) | • Ги објаснува општествено-економски прилики кои довеле до создавањето и развојот на албанската национална идеја.<br>• Ја објаснува улогата и значењето на албанските дејци во содавањето и развој на албанската национална идеја.<br>• Го објаснува значењето на букварот на Наум Веќиларџи за развојот на албанската национална идеја.<br>• Ја опишува улогата и влијанието на Сами Фрашери и неговото дело „Албанија како беше, како е и како ќе биде“ во развојот на албанското национално движење.<br>• Го објаснува значењето на отворање на училишта на албански јазик за развојот на албанската национална идеја.<br>• Го објаснува значењето на Битолскиот конгрес за албанскиот јазик и национална идеја.<br>• Ја објаснува улогата на клубот Башкими врз развојот на албанската националнаидеја. |
| • **Источната криза и Балканот**<br>(Српско кнежевство, Црногорско кнежевство, Грчкото кралство, Востанието во Херцеговина, Априлско востание,  Руско-османлиската војна, Санстефански мировен договор, Берлински конгрес, мухаџири, Разловечко востание, Кресненско-македонско востание, Дедо Иљо Малешевски, Димитар поп Георгиев Беровски, Стојан Карастоилов, Призренска лига,  Абдил Фрашери, Али паша Гусињски) | • Ја објаснува општествено-економската  состојба на Балканот пред Источната криза.<br>• Ги наведува позначајните настани од политичката историја на Балканот пред Источната криза.<br>• Ги наведува почетокот на Источната криза и причините за нејзиното појавување.<br>• Ги наведува последиците од Источната криза на Балканот.<br>• Го опишува Разловечкото востание и го објаснува неговото значење за историјата на македонското национално-ослободително движење.<br>• Го опишува Кресненско-македонското востание и го објаснува неговото значење за историјата на македонското национално-ослободително движење.<br>• Ги опишува причините за формирањето на Призренската лига.<br>• Ги наведува борбите на Призренската лига и нејзиното значење за историјата на албанското национално-ослободително движење. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| • **Македонската револуционерна борба** (Македонска револуционерна организација ТМОРО, Иван Хаџи Николов, Петар Поп Арсов, Христо Татарчев, Христо Батанџиев, Андон Димитров, Даме Груев, Гоце Делчев, Ѓорче Петров, автономија, комитети, устав, правилник, Врховен македонски комитет, револуционерни окрузи, гемиџии/Солунски атентатори, анархисти, Македонски таен револуционерен комитет) | • Наведува кога е создадена Македонската револуционерна организација и ги објаснува причините за нејзиното создавање.<br>• Ја опишува дејноста на Македонската револуционерна организација до Илинденското востание.<br>• Ја објаснува улогата на Гоце Делчев и на Даме Груев во македонската револуционерна борба.<br>• Го објаснува значењето на МРО за борбата за создавање на македонска држава.<br>• Ја опишува дејноста на Солунските атентатори во борбата против османлиската власт. |
| • **Илинденското востание и Крушевската република** (Смилевски конгрес, Цреше топче, башибозук, Главен штаб, Горско началство, влада, Крушевски манифест, Мечкин камен, Никола Карев, Вангел Дину, Питу Гули, Битолски револуционерен округ, Невеска, Клисура) | • Ги наведува причините за организирање на Илинденското востание.<br>• Ги лоцира на карта местата каде се одвивало Илинденското востание.<br>• Го објаснува создавањето на Крушевската република и нејзиното значење за востанието.<br>• Ја опишува улогата на Питу Гули во Илинденското востание.<br>• Го објаснува прогласот на востаниците од Крушево кон локалното население.<br>• Ги објаснува последиците од Илинденското востание. |
| • **Албанската ослободителна борба и создавањето на албанската држава** (Скадарскиот и Јанинскиот Пашалак; востанието на Дервиш Цара, Битолски Конгрес, Параскеви Кирјази, Хасан Приштина, Исмаил Ќемали, Принц Вид) | • Ја објаснува борбата на албанските пашалуци за отцепување од Османската империја.<br>• Го објаснува влијанието на Битолскиот конгрес во процесот на создавањето на албанската држава.<br>• Ги наведува востанијата на албанското население против Османската империја во периодот од 1910 до 1912 година.<br>• Го објаснува процесот на прогласување на Албанската независност.<br>• Ја опишува политичката состојба на Албанија во времето на Принц Вид. |
| • **Младотурската револуција и создавањето на современата турска држава** (Ибрахим Темо, Нијази-бег, Ресен, Јане Сандански, Јашар Еребара, Кемал Ататурк, Турска Република, Лозански договор, Грчко-турска војна, размена на население) | • Го опишува создавањето на младотурското движење и неговиот развој.<br>• Наведува имиња на водачите на Младотурското движење по потекло од Македонија.<br>• Ги објаснува причините за Младотурската револуција во 1908 година.<br>• Го опишува учеството на македонското и албанското население во Младотурската револуција.<br>• Ги објаснува значењето и последиците на Младотурската револуција за |

| | |
|---|---|
| | македонското и албанското население.<br>• Го објаснува значењето на Младотурската револуција во развојот на турската национална идеја.<br>• Го објаснува создавањето на Турската Република.<br>• Го опишува животот и значењето на Мустафа Кемал Ататурк во создавањето на Турската Република. |
| • **Идеите за балканска федерација и создавање на Кралството на Срби, Хрвати и Словенци/Југославија** (федерација, Бискуп Јосип Јурај Штросмаер, Југословенски одбор, Крфска декларација, Анте Трумбиќ, Никола Пашиќ, династија Караѓорѓевиќ) | • Ја објаснува идејата за создавање на држава на јужните Словени.<br>• Го објаснува значењето на Бискупот Јосип Јурај Штросмаер за развој на културата и книжевноста на јужнословенските народи.<br>• Ја објаснува улогата на Јане Сандански и Народната Федеративна партија во развојот на идејата за балканска федерација.<br>• Го опишува создавањето на Кралството на СХС/Југославија на крајот од Првата светска војна. |

**Примери за активности**

- Учениците, поделени во групи, работат на проект: „Создавање и развој на македонската национална идеја“. Учениците добиваат листови со цитати од делата на македонските дејци: браќата Миладиновци, Григор Прличев, Ѓорѓија Пулевски, Крсте Петков Мисирков и Димитрије Чуповски и задача да истражуваат (на интернет и/или во историската литература) за животот и дејноста на секој од наведените дејци. Секоја група треба да ги запише основните податоци за секој од македонските дејци и да пронајде фотографии од нив и од нивните дела и да ги поврзе податоците со цитатите добиени од страна на наставникот. Потоа, секоја група влече ливче на кое е напишано името на еден од дејците и добива задача да напише кус текст за животот и делата/дејноста на тој деец проследен со фотографиии и цитати од делата. Откако групите ќе ја завршат задачата, со помош на наставникот, ги поврзуваат текстовите во „книга“ и изработуваат насловна страница на книгата. На крајот, учениците  дискутираат за создавањето и развојот на македонската национална идеја и значењето на браќата Миладиновци, Григор Прличев, Ѓорѓија Пулевски, Крсте Петков Мисирков и Димитрије Чуповски.
- Учениците, поделени во групи, работат на проект: „Создавање и развој на албанската национална идеја“. Учениците добиваат листови со цитати од делата на албанските дејци: Наум Веќиларџи, Сами Фрашери, Наим Фрашери, Асдрени и Пашко Васа, и задача да истражуваат (на интернет и/или во историската литература) за животот и дејноста на секој од наведените дејци. Секоја група треба да ги запише основните податоци за секој од албанските дејци и да пронајде фотографии од нив и од нивните дела и да ги поврзе податоците со цитатите добиени од страна на наставникот. Потоа, секоја група влече ливче на кое е напишано името на еден од дејците и добива задача да напише кус текст за животот и делата/дејноста на тој деец проследен со фотографиии и цитати од делата. Откако групите ќе ја завршат задачата, со помош на

DRAFT

наставникот, ги поврзуваат текстовите во „книга“ и изработуваат насловна страница на книгата. На крајот, учениците дискутираат за создавањето и развојот на албанската национална идеја и значењето на Наум Веќиларџи, Сами Фрашери, Наим Фрашери, Асдрени и Пашко Васа.

- Учениците се делат во 5 групи и секоја група добива задача да се стават во улога на новинари од минатото кои пишуваат новинарска статија на еден од следните наслови: (1) Се одржа Смилевскиот конгрес, (2) Се крена Илинденското востание, (3) Востаниците повикаа „Долу тиранијата, да живее слободата“, (4) Во Македонија се роди Крушевската Република, (5) Кај Мечкин Камен се бранеше Крушевската Република. За да ја напишат статијата неопходно е да истражуваат на интернет или историска литература. Во статиите треба да биде наведено кога и каде се случил настанот на кој се однесува насловот и кои биле главните учесници во него, да биде опишан настанот (што се случувало) и да се наведе што била причината за настанот и кој бил резултатот од случувањата. Би требало секоја статија, освен фотографии, да содржи и цитати или извадоци од достапни извори за да се обезбеди нејзина автентичност. Подготвените статии се отпечатуваат, се читаат на глас и се лепат на хамер кој симулира страница од весник. На крајот низ отворена дискусија се резимираат сознанијата за Илинденското востание и за Крушевската република.

- Учениците се делат во 4 групи и секоја група добива задача да се стават во улога на новинари од минатото кои пишуваат новинарска статија на еден од следните наслови: (1) Хасан Приштина поведе на востание против Османлиската власт, (2) На Битолскиот конгрес се побара независна Албанија, (3) Се прогласи независна Албанија, (4) Албанија стана меѓународно призната држава. За да ја напишат статијата неопходно е да истражуваат на интернет или историска литература. Во статиите треба да биде наведено кога и каде се случил настанот на кој се однесува насловот и кои биле главните учесници во него, да биде опишан настанот (што се случувало) и да се наведе што била причината за настанот и кој бил резултатот од случувањата. Би требало секоја статија, освен фотографии, да содржи и цитати или извадоци од достапни извори за да се обезбеди нејзина автентичност. Подготвените статии се отпечатуваат, се читаат на глас и се лепат на хамер кој симулира страница од весник. На крајот низ отворена дискусија се резимираат сознанијата за процесот на создавање на албанската држава.

**ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ**
**Тема: ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ДЕТСКИ ПРАВА**
**Вкупно часови: 20**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. го објасни концептот на човековите права и носечките документи и механизми за нивна заштита на светско и европско ниво;
2. го објасни концептот на детски права и улогата на Конвенцијата за правата на детето;
3. ја објаснува улогата на институциите и дејствувањето на граѓанското општество во заштита на човековите права во Република Северна Македонија.

DRAFT

| Ученикот/ученичката ќе развива:<br>4. свесност за почитување и заштита на човековите и детските права. | |
|---|---|
| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| • **Универзална декларација за човекови права** (права, слободи, одговорности**,** Меѓународен пакт за граѓански и политички права, Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права) | • Наведува кога, каде и со каква цел е формирана Организацијата на обединети нации.<br>• Наведува кога, каде и по кој повод е донесена Универзалната декларација за човекови права.<br>• Наведува на кого се однесува Универзалната декларација за човекови права и објаснува зошто.<br>• Го објаснува (преку пример) значењето на правата и слободите во концептот на човекови права.<br>• Го објаснува (преку пример) значењето на одговорностите во концептот на човекови права.<br>• Ги наведува двата најважни меѓународни инструменти за заштита на човековите права кои произлегуваат од Универзалната декларација за човекови права и ја објаснува нивната намена.<br>• Објаснува по најмалку два члена од двата меѓународни пактови и наведува примери на нивно почитување и прекршување во реалноста.<br>• Го објаснува влијанието на меѓународните пактови врз законодавството во нашата држава. |
| • **Европска конвенција за заштита на човековите права и основни слободи** (Совет на Европа**,** Европски суд за човекови права) | • Наведува кога и каде е донесена Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи.<br>• Објаснува зошто е донесена Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи и на кого се однесува**.**<br>• Ја објаснува врската на Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи со Универзалната декларација за човекови права.<br>• Наведува кога е формиран Европски суд за човекови права и каде се наоѓа.<br>• Го објаснува мандатот на Европски суд за човекови права. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| • **Конвенција за правата на детето** (ратификација) | • Наведува кога и каде е усвоена Конвенцијата за правата на детето и кога е ратификувана од страна на нашата држава.<br>• Објаснува што претставува Конвенцијата за правата на детето и зошто е посебен документ во однос на Универзалната декларација за човекови права.<br>• Објаснува најмалку три члена од Конвенцијата за правата на детето и наведува примери на нивно почитување и прекршување во реалноста. |
| • **Заштита на човековите права во Република Северна Македонија** (омбудсман/народен правобранител, Уставен суд, граѓанско општество, медиуми) | • Ги објаснува надлежностите на омбудсманот/народниот правобранител во нашата држава.<br>• Ја објаснува улогата на Уставниот суд во заштита на правата на граѓаните.<br>• Ја објаснува улогата на граѓанското општество во промоцијата и заштитата на човековите права.<br>• Ја објаснува улогата на медиумите како заштитници на правата на граѓаните. |

**Примери за активности**

- На табла се запишува следната мисла на Алберт Ајнштајн: *„Светот не е полн со зло поради оние што прават зло. Полн е со зло поради оние кои не прават ништо.“* Во отворена дискусија се бара од учениците да ја интерпретираат пораката содржана во цитатот и да ја доведат во врска со холокаустот и другите злодела направени во текот на Втората светска војна. Потоа, наставникот укажува дека токму настаните од Втората светска војна биле повод за основање на Организацијата на обединети нации и донесување на Универзалната декларација за човекови права. Потоа учениците се делат во мали групи што се натпреваруваат во тоа која побрзо ќе одговори на следните прашања што ги поставува наставникот:
    1. На која дата е формирана Организацијата на обединети нации? [24. јуни 1945]
    2. Во кој град е формирана Организацијата на обединети нации? [Сан Франциско]
    3. Колку земји ја формирале Организацијата на обединети нации? [51]
    4. Колку земји брои Организацијата на обединети нации сега [193]
    5. Која организација ја донела Универзалната декларација за човекови права? [ООН]
    6. На која дата е донесена Универзалната декларација за човекови права? [10 декември 1948]
    7. Во кој град е донесена Универзалната декларација за човекови права? [Париз]
    8. Колку члена има Универзалната декларација за човекови права? [30]

  По секое поставено прашање, учениците го бараат одговорот на интернет, а како победник се смета онаа група која по 30 секунди има најмногу

ливчиња со напишан точен одговор. По прогласување на победникот за секое прашање, точниот одговор се запишува на табла.

По завршување на оваа активност се отвора дискусија со сите ученици по прашањата: (1*) Со која цел е формирана Организацијата на обединети нации?* и (2) *Кој бил поводот за донесување на Универзалната декларација за човекови права?*

По секое поставено прашање, на учениците им се остава кратко време да истражат на интернет, а потоа, со свои зборови да го кажат одговорот. На крајот, се заклучува дека ООН е формирана за да работи на обезбедување меѓународен мир и безбедност и соработка помеѓу државите во светот, а Универзалната декларација за човекови права е резултат на потребата да се стандардизираат и да се заштитат основните права и слободи на луѓето ширум светот, која е согледана по човечките страдања за време на Втората светска војна.

- Учениците, поделени во групи, ги добиваат чл. 1 и чл. 2 од Универзалната декларација за човекови права (https://www.healthrights.mk/pdf/Pravnici/Megjunarodni%20dokumenti%20i%20mehanizmi%20za%20zastita%20na%20covekovite%20prava/%D0%9EN/1%20-%20%D0%A3%D0%BD%D0%B8%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%B7%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0%20%D0%B4%D0%B5%D0%BA%D0%BB%D0%B0%D1%80%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%87%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D1%82%D0%B5%20%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B0.pdf). Нивна задача е да ги анализираат двата члена и да се подготват за квиз со Точно/Неточно по следните тврдења:
  1. На кого се однесуваат правата и слободите наведени во Универзалната декларација за човекови права?
  2. Каде и кога важат правата и слободите наведени во Универзалната декларација за човекови права?
  3. Како е вклучен принципот на еднаквост и недискриминација во Универзалната декларација за човекови права?
  4. Од каде се гледа дека правата од Универзалната декларација за човекови не се заслужуваат, туку важат за секој човек само затоа што е човек?

  За секое прашање, секоја група (една по друга) добива можност да ги презентира своите одговори. На крајот наставникот ги резимира одговорите.
- Учениците, поделени во групи, се натпреваруваат која ќе направи подобар постер (со слики или цртежи, без текст) во кој е илустриран чл. 2 од Универзалната декларација за човекови права. По завршување на работата, секоја група објаснува што претставила на постерот. Откако ќе бидат изложени сите постери, групите меѓусебно се бодуваат врз основа на следните критериуми кои наставникот ги запишува на табла: сите права и слободи им припаѓаат (1) на луѓето од целиот свет, (2) и на постарите и на помладите, (3) и на мажите и на жените, (4) на лицата од сите раси и бои на кожата, (5) на лицата од различна етничка и религиска припадност, (6) и на лицата со попреченост. Секоја група добива по 1 поен за јасно претставување на она што е наведено во критериумот.
- На учениците им се објаснува дека во Универзалната декларација за човекови права се издвоени слободите како посебни права (правата се однесуваат на обврските и одговорностите кои државата и нејзините институции треба да ги преземат за да обезбедат минимум услови за живот и развој на човекот, додека слободите се однесуваат на оние работи кои треба да му бидат овозможени на секој човек да ги практикува, без пречки од државата или нејзините институции добиваат . Потоа, учениците, поделени во групи, добиваат примерок од Универзалната декларација за и работен лист со следните групи права и слободи**: (1)** Право на живот, слобода и безбедност, (2) Слобода на мислата,

уверувањето и религијата, (3) Слобода на изразување и право на информирање, (4) Слобода на собирање и здружување, (5) Право на правично судење и правна заштита, (6) Право на образование, (7) Право на работа и пристоен животен стандард, (8) Право на брак и основање семејство и (9) Право на здравствена заштита. Нивна задача е во работниот лист покрај секоја група права/слободи да го наведат бројот на членот од декларацијата (од 3. до 28. член) кој спаѓа во таа група. Откако, преку презентација на сработеното, ќе се утврдат бараните одговори, групите добиваат задача да ги издвојат членовите што се однесуваат на слободите и да објаснат (преку примена на објаснувањето дадено од наставникот) зошто се дефинирани како слободи, а зошто другите членови не се однесуваат на слободи. Во отворена дискусија учениците ги искажуваат мислењата на групата или своите лични мислења во поглед на разликите меѓу едните и другите видови права со цел преку интерпретацијата на конкретни членови да ја согледаат разликата меѓу правата и слободите во концепцијата за човекови права.

- Учениците, поделени во групи, го добиваат чл. 29 од Универзалната декларација за човекови права, со задача да откријат кои се одговорностите на човекот според концептот за човекови права. Во отворена дискусија учениците ги искажуваат мислењата на групата или своите лични мислења во поглед на одговорностите, за да се заклучи дека секој човек е одговорен (има обврска) да ги почитува правата на другите (граница на практикувањето на сопствените права е почитувањето на правата на другите луѓе и на општеството во целост. Потоа секоја група влече по една ситуација на која е опишан конфликт помеѓу почитувањето на правото на едно лице предизвикало или можело да предизвика штета и опасност по други лица или нарушење на правата на другите луѓе (на пример, ширење лажни информации со што се навредува достоинството на некој човек или се поттикнуваат предрасуди кон групи луѓе; невакцинирање на сопственото дете и предизвикување на болеста кај други, особено кај оние кои не смееле да бидат вакцинирани поради здравствени причини; учество во собири за време на пандемија и овозможување болеста да се шири прво меѓу присутните и потоа и на други). Задача на групите е да откријат за кои права и одговорности се работи во примерите, а потоа и да опишат пример на слична ситуација од реалноста. На крајот групите го презентираат сработеното.
- Учениците, поделени во групи, ги добиваат двата пакта кои произлегуваат од Универзалната декларација за човекови права и со влечење бројки избираат по два од следните членови на Меѓународниот пакт за граѓански и политички права: 3, 6, 18, 19, 24, 27 (https://www.healthrights.mk/pdf/Pravnici/Megjunarodni%20dokumenti%20i%20mehanizmi%20za%20zastita%20na%20covekovite%20prava/%D0%9EN/3%20-%20%D0%9C%D0%B5%D1%93%D1%83%D0%BD%D0%B0%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BD%20%D0%BF%D0%B0%D0%BA%D1%82%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D0%BC%D1%81%D0%BA%D0%B8,%20%D1%81%D0%BE%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B8%20%D0%B8%20%D0%BA%D1%83%D0%BB%D1%82%D1%83%D1%80%D0%BD%D0%B8%20%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B0.pdf) и по два од следните членови на Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права: 10, 12, 13 (https://bezomrazno.mk/wp-content/uploads/2013/10/Megjunaroden-pakt-za-gragjanski-i-politicki-prava.pdf). Задача на групите е да напишат говор во траење од 3 минути во кој за секој член што им се паднал ќе објаснат што тие подразбираат под него и ќе наведат пример на ситуација од реалноста кога тоа право се почитува и на ситуација од реалноста кога тоа право се прекршува. Прво се читаат говорите (како на говорница) за членовите од едниот пакт, според редоследот во пактот, а потоа говорите за членовите од другиот пакт. Откако ќе се заврши со сите, прво се резимира на кои права се однесува едниот, а на кои другиот пакт, па потоа се води отворена дискусија околу намената на пактовите за да се заклучи дека се работи за меѓународни инструменти за заштита на човековите права кои ги обврзуваат

државите-потписнички на пактовите (меѓу кои е и Северна Македонија) да ги спроведуваат, заштитуваат и почитуваат човековите права на своите граѓани на тој начин што ќе ги вградат во нивните закони. [Активноста може да се реализира во два часа – првиот час за првиот пакт, а вториот час за вториот пакт плус завршната дискусија.]

- Учениците, поделени во групи, истражуваат на интернет и подготвуваат презентација за тоа: (1) како Уставот на нашата држава ги штити правата и слободите на граѓаните, преку наведување на најмалку 5 члена кои се однесуваат на тоа и (2) кои закони во нашата држава се директно поврзани со правата наведени во двата меѓународни пакта, преку наведување на најмалку 6 закони од различни области. Групите го презентираат сработеното една по друга, а по секоја презентација на табла се резимираат членовите од Уставот и законите што ги идентификувале учениците.
- Учениците се делат во мали групи што се натпреваруваат во тоа која побрзо ќе одговори на следните прашања што ги поставува наставникот:
  1. *На која дата е донесена Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи?* [прифатена на 4 ноември 1950, а стапила во сила на 3 септември 1953]
  2. *Во кој град е донесена?* [Рим]
  3. *За колку држави важи Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи?* [47 (членките на Советот на Европа)]
  4. *Од кога важи за нашата држава?* [од 1995 (кога Северна Македонија станала членка на Советот на Европа)]

  По секое поставено прашање, учениците го бараат одговорот на интернет, а за победник се смета онаа група која по 30 секунди има најмногу ливчиња со напишан точен одговор. По прогласување на победникот за секое прашање, точниот одговор се запишува на табла.
  Потоа се отвора дискусија со сите ученици по прашањето *Зошто е донесена Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи?*. На учениците им се остава кратко време да истражат на интернет, а потоа, со свои зборови да го кажат одговорот. На крајот се заклучува дека конвенција служи како механизам за подобрување на стандардите за човековите права во Европа.
- На учениците им се презентира Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи (https://www.coe.int/mk/web/compass/the-european-convention-on-human-rights-and-its-protocols). Потоа, во отворена дискусија се споредува овој документ со Универзалната декларација за човекови права преку одговарање на следните прашања: (1) *Кој документ од кој произлегува?*, (2) *По што е Европската конвенција слична со Универзалната декларација?*, (3*) На кого се однесува Универзалната декларација, а на кого Европската конвенција?*, (4) *Во кој од двата документа се нудат конкретни насоки како може да се заштитат човековите права во праксата?*. Од дискусијата треба да произлезе заклучокот дека Универзалната декларација го дефинира концептот на човекови права, додека Европската конвенција се фокусира на конкретни законски решенија и други механизми за заштита на правата.
- Учениците (индивидуално) одговараат со точно или неточно на следните тврдења кои наставникот ги изложува на видео проектор или ги запишува на табла:
  1. *Европскиот суд за човекови права е формиран во 1969 година* [Неточно – во 1959]
  2. *Седиштето на Европскиот суд за човекови права се наоѓа во Стразбур, во Германија.* [Неточно – Стразбур е во Франција]

3. *Европскиот суд за човекови права е формиран за да определува кои права и слободи на граѓаните од Европа треба да им бидат заштитени.* [Неточно – за да се обезбеди примена на Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи во државите-членки на Советот на Европа]

По секое изложено тврдење, учениците се изјаснуваат дали е точно или или не (според предзнаења или по претпоставка), а оние што го избрале бараниот одговор добиваат право да пребаруваат на интернет. За првите две тврдења победник е тој/таа што прв/а на глас ќе го каже бараниот одговор, а за третото тврдење се дига рака и тој/таа што ќе добие збор (по редослед на дигање рака), мора да го даде образложението со свои зборови. Сите барани одговори се запишуваат на табла (или се прикажуваат на видео проектор). За третото тврдење наставникот поставува и дополнително прашање за дискусија: *Кој може да бара заштита на правата пред Европскиот суд кога мисли дека се прекршени?* за да се заклучи дека жалби за прекршување на човековите права и слободи може да упатат граѓани на држава-членка против својата држава (откако судовите во нивната држава не донеле задоволителна пресуда), или една држава против друга држава-членка.

- Учениците се делат во мали групи што се натпреваруваат во тоа која побрзо ќе одговори на следните прашања што ги поставува наставникот:
  1. *На која дата е усвоена Конвенцијата за правата на детето?* [20 ноември 1989]
  2. *Во кој град е усвоена Конвенцијата за правата на детето?* [Њујорк]
  3. *Колку члена содржи Конвенцијата за правата на детето?* [37]
  4. *На кој настан е усвоена Конвенцијата за правата на детето?* [Генерално собрание на Организацијата на обединети нации]
  5. *Кога е ратификувана Конвенцијата за правата на детето во нашата држава?* [8 септември 1993]

  По секое поставено прашање, учениците го бараат одговорот на интернет, а за победник се смета онаа група која по 30 секунди има најмногу ливчиња со напишан точен одговор. По прогласување на победникот за секое прашање, точниот одговор се запишува на табла.
  Потоа се отвора дискусија со сите ученици по прашањето: *Што значи кога некоја држава ќе ја ратификува Конценцијата?.* На учениците им се остава кратко време да истражат на интернет, а потоа, со свои зборови да ги кажат одговорот, по што треба да се заклучи дека со ратификација на Конвенцијата државите (вклучувајќи ја и нашата) се обврзуваат да ја спроведуваат и применува во својот правен систем (да ја вградат во законите) и ви практиката за заштита на правата на детето.

- На учениците им се презентира Конвенцијата за правата на детето (https://www.coe.int/mk/web/compass/convention-on-the-rights-of-the-child) при што посебно се објаснуваат: чл. 1 (определува кои се сметаат за деца), чл. 2 (обврската на државите да ги заштитат правата на сите деца, без дискриминација и да ги заштитат децата од дискриминација), чл. 3 (најдобриот интерес на децата), чл. 5 (одговорноста, обврските и правата на родителите/старателите), чл. 6 (вродено право на живот) и чл. 7 (право на име, државјанство и грижа од родителите). Во текот на презентацијата учениците се поттикнуваат да го искажуваат своето мислење и да бараат дополнителни објаснувања доколку нешто не разбрале или сакаат повеќе да дознаат. Потоа, од учениците, поделени во групи се бара да истражат на интернет за да одговорат на прашањето: *Зошто е креиран посебен документ за заштита на правата на децата кога со Универзалната декларација за човекови се бара заштита на правата на сите луѓе, вклучително и децата?.* По презентацијата на сработеното се заклучува дека неопходноста од посебен

документ произлегува од тоа што децата се најранливата група во општеството, која не може да ги практикува и заштитува своите права без помош и поддршка од возрасните.

- Учениците, поделени во групи, ја добиваат целосната верзија на Конвенцијата за правата на детето (https://www.unicef.org/northmacedonia/media/1806/file/MK_CRC_1990_MK.pdf) по што влечат по три броја кои ги означуваат следните членови од Конвенцијата: 6-9, 12-20 и 24-29 (вкупно 19 члена). Секоја група треба да подготви по две сценарија за презентирање на „своите“ три права така што во едното ќе прикаже ситуација на прекршување на правото, а во другата ситуација на почитување на правото. Потоа, групите ги глумат ситуациите за секое право одделно, а другите ученици погодуваат за какво право се работи и образложуваат врз основа на што го посочиле конкретното право. Наставникот го запишува „точното“ право на табла. Истата постапка се повторува за сите членови на кои работеле групите.
- Наставникот ги запишува на табла надлежности на Народниот правобранител, а учениците, поделени во групи, влечат по едно ливче од комплетот на кој се напишани различни задачи поврзани со надлежностите. Надлежностите и со нив поврзаните задачи за учениците се следните:
    1. *Надлежност:* Народниот правобранител ги штити уставните и законските права на граѓаните кога им се повредени од страна на органите на државната управа, општините и јавните установи.
    *Задача:* Напишете претставка (жалба) до Народниот правобранител во име на родител кој се жали дека на неговото дете му е повредено правото на образование бидејќи не го примаат да се запише во училиште затоа што претходно учело во друга земја.
    2. *Надлежност:* Народниот правобранител презема мерки за заштита на начелата на недискриминација.
    *Задача:* Наведете мерки што би ги презел Народниот правобранител откако ќе констатира дека постои дискриминација на децата со попреченост во основните училишта во определена општина.
    3. *Надлежност:* Народниот правобранител презема мерки за соодветна и правична застапеност на припадниците на етничките заедници во органите на државната власт, општините и јавните установи.
    *Задача:* Подгответе прашалник со 4-6 прашања што би им го упатиле на сите министерства, општини и јавни установи за да откриете колкав е процентот на вработени припадници на различните етнички заедници и какви се очекувањата за вработување на припадниците на различните етнички заедници во иднина.
    4. *Надлежност:* Народниот правобранител следи колку се почитуваат човековите права и укажува на потребата од нивна заштита.
    *Задача:* Во име на Народниот правобранител, подгответе табела со податоци од истражување кое покажува колку во основните училишта се почитуваат правата на учество на учениците во одлучувањето за прашања од нивен непосреден интерес.
    5. *Надлежност:* Народниот правобранител редовно ги посетува затворите за да спречи сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување на затворениците.
    *Задача:* Составете по 3 прашања за затворениците и за чуварите во затвор што Народниот правобранител би можел да им ги постави за

да дознае дали се почитува правото на затворениците за достоинствен третман.

Задача на групите е да утврдат на која од наведените надлежности се однесува „нивната“ задача и да постапат по барањето во задачата. Откако секоја група ја презентира сработена задача, другите ученици погодуваат на која надлежност се однесува и објаснуваат зошто го мислат тоа.

- Наставникот им го презентира на учениците чл. 110 од Уставот на Република Северна Македонија (https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf), а во дискусија учениците ја идентификуваат улогата на судот во заштита на човековите права и слободи (Уставниот суд ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност). Потоа, учениците се делат во групи и секоја група го добива следниот случај на повреда на правото што е разгледуван од Уставениот суд и за кој е донесена пресуда во корист на граѓанинот: *Граѓанинот Џ.Р. сметал дека му е повредено правото на политичко дејствување со неприфаќање на неговата кандидатура за градоначалник на локалните избори и покрај тоа што неговата кандидатура ја поддржала група граѓани. Судот утврдил дека, отфрлањето на кандидатурата на граѓанинот се случило како последица на неточни податоци издадени од орган на државна управа*. Задача на групите е да го анализираат случајот за да откријат кое право му било повредено на граѓанинот [повреда на правото на политичко здружување и дејствување]. По презентирање на сработеното, во отворена дискусија се заклучува дека на Уставниот суд може да се обратат граѓани кои сметат дека им е повредено едно од горенаведените права и слободи чија заштита е во надлежност на овој суд.
- На учениците им се презентира концептот на граѓанско општество при што се нагласува улогата на невладините организации во промоцијата и заштитата на човековите права. Потоа учениците, поделени во групи, добиваат задача да „формираат“ невладина организација чија мисија е промоција и заштита на некое право (пр. за заштита на животна средина, за здравство достапно на децата со ретки болести, за борба против дискриминација, за промоција на правата на децата) – да смислат соодветен назив и активности на организацијата (може да истражуваат на интернет за да добијат идеи). Откако групите ќе ги презентираат „своите“ организации, наставникот поттикнува дискусија во која учениците треба да ги резимира улогата и влијанието на невладините организации во промоцијата и заштитата на човековите права во општеството.
- Учениците следат презентација подготвена од наставникот во која медиумите се претставени како „чувари“ на општеството и имаат клучна улога во информирање на граѓаните за сите важни прашања од јавен интерес, како што се постапките на владите и другите моќни лица или институции. Потоа, поделени во групи, учениците добиваат избор од „написи“ (подготвени од наставникот) кои ги истакнуваат случаите кога медиумите „разоткриле“ прекршување на некои права и слободи (пр. семејно насилство, загадување на животна средина, дискриминација по етничка основа, социјална неправда). Задача на групите е да ги анализираат написите и да одговорат на следните прашања: (1) *На кои конкретни права или слободи се однесува написот во медиумите?* (2) *Како написот придонесува за разоткривање на прекршувањето на овие права?* (3) *Какво влијание имаат медиумите врз подигањето на свеста или предизвикување промени?* (4) *Дали медиумите се*

*соочуваат со некакви предизвици или пречки во исполнувањето на својата улога на чувар на граѓаните?* Секоја група презентира резиме од сработеното пред целата паралелка. На крајот, се заклучува дека медиумите имаат значајна улога во заштитата на демократијата и правата на граѓаните во демократските општества.

**ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ**
**Тема: ОПШТЕСТВО, ДРЖАВА, ГРАЃАНИ**
**Вкупно часови: 16**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. прави разлика меѓу општество и држава;
2. наведува и објаснува различни видови државни уредување во современиот свет;
3. ги објаснува очекувањата од граѓаните во демократско општеството;
4. објаснува што презема државата за да ги заштити правата и интересите на граѓаните.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| --- | --- |
| • **Општество и држава** | • Ги наведува карактеристиките на општеството и на државата и ја објаснува разликата меѓу општество и држава.<br>• Го објаснува односот меѓу државата и општеството и го илустрира со примери од реалноста.<br>• Објаснува зошто нашето општество се смета за мултикултурно и како тоа се одразува на државата. |
| • **Државно уредување**<br>(демократска држава, автократска држава, тоталитарен режим, цензура на медиуми, монархија: апсолутна и уставна; република: парламентарна демократија, претседателска демократија, федерална држава) | • Ги споредува (преку примери) државите со демократско и автократско уредување во поглед на тоа кој е носител на власта и каков е односот на државата кон граѓаните.<br>• Ги наведува и опишува државните уредувања карактеристични за монархиите и ги илустрира со примери на држави од таков карактер.<br>• Ги споредува државите со парламентарна и со претседателска демократија и ги илустрира разликите со примери на држави од таков карактер.<br>• Го објаснува државното уредување на Република Северна Македонија. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| • **Улогата на граѓанинот во демократското општество** (гласање на избори, граѓански активизам, волонтирање, солидарност) | • Објаснува зошто е важно граѓаните да гласаат на избори и да формираат и искажуваат мислење во врска со политичките процеси.<br>• Објаснува зошто е важно граѓаните да се придржуваат до законите и пропишаните правила.<br>• Објаснува зошто е важно граѓаните да учествуваат во животот на заедницата и да волонтираат.<br>• Објаснува зошто образованието и континуираното учење се важни за граѓаните и за општеството.<br>• Објаснува зошто е важно граѓаните да бидат одговорни и да покажуваат солидарност кон другите членови на општеството.<br>• Објаснува зошто е важно граѓаните да бидат активни во заштитата на животната средина. |
| • **Државата во функција на граѓаните** (јавно добро, пазар, надворешна политика, дипломатија) | • Ја објаснува улогата на државата во заштитата на правата и слободите на граѓаните и ги наведува механизмите што ги користи за таа цел.<br>• Објаснува зошто е важно да постои безбедност и ред во државата и како државата обезбедува безбедност и ред.<br>• Објаснува зошто е важно државата да ги обезбедува основните услуги за граѓаните (образование, здравствена заштита, социјална заштита и инфраструктура) и како го прави тоа.<br>• Објаснува како државата треба да управува со јавните добра во интерес на граѓаните.<br>• Го објаснува влијанието на државата во регулирање на пазарот и економијата во интерес на граѓаните и ги наведува механизмите што ги презема за таа цел.<br>• Ја објаснува улогата на државата во водење надворешна политика и го објаснува значењето на одржувањето добри односи со другите држави за граѓаните. |
| **Примери за активности** | |

DRAFT

- Учениците, поделени во групи, добиваат работен лист со недовршени реченици до задача на празното место во секоја реченица да напишат дали дадениот опис се однесува на општеството или на државата. Како пример на описи [со очекуваните одговори] може да послужат следните:
    1. [Општеството] се однесува на луѓе, заедници и институции кои функционираат заедно и имаат заеднички интереси.
    2. [Државата] ја има законската власт и контролата врз територијата и луѓето кои живеат на неа.
    3. Споделувањето заеднички простор, финансиски и други ресурси и пристапот до заедничко образование, здравствена заштита и инфраструктура се карактеристики на [општеството].
    4. [Државата] има власт, влада, закони, и различни институции за да ја управува земјата.
    5. Луѓето во [општеството] имаат чувство на припадност и споделен идентитет.
    6. Вредностите, нормите и очекувањата што ги поставува [општеството] го водат однесувањето на луѓето и интеракцијата меѓу нив.
    7. [Државата] ги воведува и спроведува законите и го одржува јавниот ред и мир.
    8. Сигурноста на граѓаните, нивното образование и здравствена заштита ги обезбедува [државата].
    9. [Општеството] создава потреби и очекувања кои се пренесуваат на [државата] која е одговорна да реагира на нив (да ги задоволи или исполни).

  Се очекува во рамки на групите да се води дискусија од која ќе произлезат одговорите. Одговорите се презентираат заедно со образложение на дадениот одговор (зошто се определиле за тој одговор). По завршување на презентациите на сите групи за конкретната реченица наставникот го дава точниот одговор кој се запишува на табла под Општество, односно под Држава. Потоа се преминува на следната реченица. Откако ќе се заврши постапката со сите реченици, се резимираат (се читаат од табла) речениците што се однесуваат на едниот и на другиот поим. На крајот во отворена дискусија се бара од учениците да наведуваат примери од реалноста кои го илустрираат односот меѓу општеството и државата (на пр. пораснал бројот на родители кои сакаат да ги запишат децата во градинка па затоа државата треба да отвори нови градинки; професорите и родителите мислат дека образованието на децата не е доволно квалитетно, па министерството за образование мора да спроведе реформи).

- Учениците, поделени во групи, добиваат задача да замислат дека нивната училница е заедничка територија што ја споделуваат како граѓани и прво до го опишат „нивното“ општество на таа територија (пр., кои им се заеднички интереси, кои им се носечките вредности, како се очекува да се однесуваат, кој им е заедничкиот идентитет, со какви ресурси располагаат), а потоа да си замислат и опишат државата што ја контролира таа територија (пр. кој од нив ја претставува власта, какви закони имаат, кој и како го одржува редот). Откако сите групи ќе го презентираат сработеното, преку отворена дискусија се наведуваат карактеристиките на Северна Македонија прво како општество, а потоа и како држава. При крајот на дискусијата наставникот ги поставува прашањата (1) *Зошто нашето општество се смета за мултикултурно?* и (2) *Како мултикултурната природа на општеството се одразува на државата?*, а од одговорите на учениците треба да произлезе заклучокот дека мултикултурниот карактер на нашето општество произлегува од неговата етничка, јазична и религиска разновидност, која се одразува на

DRAFT

функционирањето на државата преку вклучување на сите етнички заедници во процесите на одлучување и управување, преку обезбедување образование што ги задоволува потребите на сите етнички заедници, но и во креирање комплексен национален идентитет што ги обединува различните аспекти на културата и етничките идентитети на граѓаните.

- На учениците споредбено им се презентира што значи демократско, а што автократско државно уредување, со фокус на разликите во тоа кој ја има власта и каков е односот на државата кон граѓаните. Потоа, учениците, поделени во групи, добиваат задача да смислат и опишат по една конкретна ситуација со која ќе илустрираат кој ја има власта и како власта се однесува кон граѓаните во Германија, а како во Северна Кореја. При тоа се поттикнуваат да користат информации од интернет за да ги смислат двете ситуации. Групите ги презентираат ситуациите што ги смислиле преку глумење/играње улоги. По презентациите на сите групи се води отворена дискусија во која се користат примерите за да се заклучи дека во демократските држави власта им припаѓа на граѓаните преку нивните претставници што се избираат на слободни и редовни избори, а државата ги почитува правата на граѓаните и го применува принципот на владеење на законот, додека во авторитарните држави власта е концентрисана во рацете на едно лице или на мала група луѓе, а државата има повеќе контрола над граѓаните и може да ги ограничи контрола на нивните права (на пример, цензура на медиумите, репресија врз политичките противници и ограничување на слободата на изразување и здружување). Наставникот дополнително посочува дека во тоталитарните режими (екстремен облик на автократски држави) државата има апсолутна контрола врз граѓаните и нивните животи (личната слобода и автономија на граѓаните се значително ограничени, а контролата на државата е целосна).
- Наставникот посочува дека една поделба на државите е на републики и монархии и објаснува дека монархиите имаат крал/кралица или друг вид на монарх и дека, зависно од функцијата и надлежностите на монархот, се прави разлика меѓу апсолутни и уставни монархии (без да се зборува за нивните карактеристики). Учениците, поделени во групи, влечат по едно ливче со напишани две држави од следните: (1) Саудиска Арабија и Шпанија, (2) Велика Британија и Јапонија, (3) Оман и Шведска и (4) Холандија и Катар. Секоја група треба да подготви видео презентација за двете „свои“ држави (со слики и текст) со која ќе ги опише во поглед на улогата, одговорностите и реалната моќ во владеењето на кралот/кралицата, емирот, односно султанот. По презентацијата на сработеното на секоја група одделно, на табла се запишува која од државите има апсолутна, а која уставна монархија. По завршување на сите презентации се отвора дискусија во која треба да се изведе заклучок за разликите меѓу двата вида монархии - во апсолутната монархија, монархот ја има целокупната власт и контролата на државата (ги диктира законите, ги донесува одлуките и има контрола врз сите аспекти на владеењето), додека во уставната монархија, монархот има главно церемонијални и претставнички функции определени со Уставот на државата, а реалната политичка власт е во рацете на парламентот и/или владата.
- Наставникот посочува дека според уредувањето се прави разлика и меѓу држави со парламентарна демократија и држави со претседателска демократија, но и дека постојат федерални држава кои можат да бидат со парламентарна или со претседателска демократија. Учениците, поделени во групи, влечат по едно ливче со напишани две држави од следните: (1) Индија и Франција, (2) Италија и Бразил, (3) Нов Зеланд и

DRAFT

Јужна Кореја и (4) САД и Швајцарија. Секоја група треба да подготви видео презентација за двете „свои“ држави (со слики и текст) со која ќе ги опише во поглед на тоа кој е главниот носител на власта, како се избираат, како се организираат и како функционираат државните органи (претседателот, парламентот, владата или сл. ). По презентацијата на сработеното на секоја од првите три групи, на табла се запишува која од државите има парламентарна, а која претседателска демократија, после што заеднички се резимираат разликите меѓу двата вида демократии. На крајот се презентира и анализата за САД и Швајцарија, по што заеднички се заклучува што значи федерална држава (власта е поделена меѓу централната власт и властите на различните подрегиони или единици) и заеднички се резимира разликата меѓу федералните држави со претседателска и тие со парламентарна демократија.

- Учениците се делат во мали групи и секоја група добива работен материјал (лист) на кој се напишани следните членови (односно делови од членови) од Уставот на Република Северна Македонија (https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf) поврзани со Собранието, Претседателот и Владата: 61 (само првиот став), 62 (само првиот став), 63 (само првиот став), 68, 79, 80, 88 (само првата реченица), 90 (само последната реченица) и 92 (само првата и втората реченица). Секоја група добива задача, врз основа на добиениот работен материјал да одговори на едно од следните прашања во врска со Претседателот, Владата и Собранието на Република Северна Македонија: (1) Кој ги избира и каква е постапката за избор на секоја од нив, (2) Кои се надлежностите на секоја од нив, (3) Каква е поврзаноста меѓу нив (кој пред кого одговара). Секоја група подготвува видео презентација со одговорите. Откако секоја група ќе ја презентира својата работа, се води дискусија во која одделно се резимираат работите што се однесуваат на Претседателот, на Владата и на Собранието и се заклучува дека државното уредување на РСМ е парламентарна демократија.
- На учениците им се презентираат следните улоги на граѓаните во демократските општества (со кусо објаснување на непознатите поими):
    1. Гласање на избори и формираат и искажуваат мислење во врска со политичките процеси.
    2. Придржување до законите и пропишаните правила
    3. Учество во заедницата и волонтирање
    4. Стекнување образование и континуирано учење
    5. Одговорност и солидарност кон другите во општеството
    6. Активност во заштита на животната средина

  Потоа учениците се делат во групи и добиваат задача да подготват презентација во која: (1) ќе наведат примери од реалноста на неисполнување на очекувањата од страна на поединци или групи граѓани и (2) ќе ги наведат и објаснат последиците по општеството/државата доколку повеќето граѓани не би го правеле тоа што се очекува од нив. Прво сите групи треба да работата на првонаведената улога, да го презентираат сработеното во врска со неа и преку заедничка дискусија во која ќе се резимираат последиците од нејзиното непочитување по општеството/државата, да заклучат зошто е важно граѓаните да ја почитуваат таа своја улога. Истата постапка треба да се повтори за секоја следна улога наведена на листата. Се препорачува опишаните активности да се реализираат во 2-3 часа во кои ќе се работи на 2-3 одделни

очекувања/улоги.

- На учениците им се презентираат и накусо им се објаснуваат следните улоги на државата во демократските општества:
    1. Заштитата на правата и слободите на граѓаните
    2. Обезбедување безбедност и ред
    3. Обезбедување на основните услуги (образование, здравствена заштита, социјална заштита и инфраструктура)
    4. Управување со јавните добра
    5. Регулирање на пазарот и економијата
    6. Водење на надворешната политика

  Потоа учениците се делат во групи и добиваат задача, по евентуално истражување на интернет, да подготват презентација во која: (1) накусо ќе опишат како државата ја врши наведената улога согласно интересите и потребите на граѓаните и (2) ќе ги наведат и објаснат последиците по граѓаните доколку државата би го спроведувала наведеното спротивно на интересите и потребите на граѓаните. Прво сите групи треба да работата на првонаведената улога, да го презентираат сработеното во врска со неа и преку заедничка дискусија во која ќе се резимираат начините на реализација на наведената улога и последиците од нејзиното реализирање спротивно на интересите и потребите на граѓаните, да заклучат зошто е важно државата да ја реализира таа своја функција во интерес на граѓаните. Истата постапка треба да се повтори за секоја следна функција наведена на листата. Се препорачува опишаните активности да се реализираат во 2-3 часа во кои ќе се работи на 2-3 одделни функции.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни методички приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали

во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците,
- истржувачките активности за прибирање податоци,
- изработките (мултимедијални презентации, постери, брошури и друг вид презентации),
- придонесот во работата во мали групи
- домашните задачи и
- одговорите на квизови и тестови.

Следењето и оценувањето на постигањата на учениците согласно стандардите за оценување од наставната програма за секоја дисципилина одделно (Географија, Историја и Граѓанско образование) го врши наставникот кој ја реализира наставата по соодветната дисциплина. По завршување на учењето на секоја тема од дисциплината, ученикот добива сумативна бројчана оценка за постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. Сумативна оценка се изведува за постигањата на учениците за секоја дисциплина одделно.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Историја и општество* за VIII одделение.** | бр. ____________<br>_________________ година<br><br>Министер за образование и наука,<br><br>______________________________ |

DRAFT